# ПАТРИЈАРСИТЕ

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Оригинален текст: Катерина Хершеј
Адаптација за Европа: Крис и Џенифер Хаијер

Text published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck, Switzerland

Copyright ©1994 by Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## ВОВЕД

ПАТРИЈАРСИТЕ е втора група со пет лекции од Прва книга Мојсеева. Ова серија може да се поучува како продолжеток на серијата ПОЧЕТОЦИ, или пак да се користи независно. Молете се, додека поучувате, децата да дојдат во личен однос со Бог на Авраам, Исак и Јаков, преку Господ Исус Христос.

За секоја лекција се предложени **централна вистина** и примена за спасени и неспасени деца. Во прегледот на лекциите се користени следните кратенки:

**ЦВ** - каде што се поучува централната вистина во лекцијата.
**Н**- примената е за неспасените деца.
**С**- примената е за спасените деца.

Многу помага централната вистина да ја напишете на картон или хартија и да ја поставите на фланелографот.

**Бидете достапни за советување.** Како резултат на вашите поуки, можеби некои од децата ќе имаат прашања за тоа како да се спасат, или сакаат да дознаат повеќе за христијанскиот живот. Кажете им дека сте подготвени да им помогнете и кажете им што треба да направат за да ја исползуваат таа помош. Во некои од лекциите сме го вклучиле тоа. Меѓутоа, вие можете да кажете дека сте достапни за советување во други делови на програмата, надвор од библиската лекција.

Еве еден пример како да се каже тоа: "Подоцна денес, во библиската лекција, јас ќе објаснам како лично можеш да поверуваш во Христос како во твој Господ и Спасител. Ако на крајот сè уште не си сигурен како да го направиш тоа и сакаш да ти помогнам малку повеќе, те молам дојди напред и седни во предниот ред кога другите ќе си заминат".

На крајот на ова упатство ќе најдете практични предлози кои ќе ви помогнат во тоа како да советувате дете кое сака да дојде кај Христос.

## СОДРЖИНА

**ЛЕКЦИЈА**


1. Повикувањето на Аврам
2. Авраам го дава синот како дар
3. Авраам бара невеста за син му
4. Правото на првенство и благословот
5. Јаков е далеку од дома

# ПАТРИЈАРСИТЕ

### Прва лекција

## ПОВИКУВАЊЕТО НА АВРАМ

**Библиски текст:** 1. Мојс. 11:27-12:20; 15:4-6; 16: 1-4,15; 17:1-8, 15-17 (Текстот за ова лекција покрива голема област од Писмото. Текстот на лекцијата ќе ви помогне да решите кои детали можете да ги вклучите.)

**Централна вистина:** Бог ги одржува своите ветувања.

**Примена:** ***за неспасените деца:*** верувајте им на Неговите ветувања за спасение и дојдете кај Христос.

***за спасените деца:*** откријте ги Неговите ветувања и верувајте Му дека ќе ги исполни.

**Почеток:** Заборавеното ветување - ЦВ.

**Развој на настаните:**
- Бог му зборува на Аврам во Ур.
- Бог на Аврам му дава многу ветувања- ЦВ.
- Аврам зборува со Сараја и со другите роднини- ЦВ.
- Аврам му верува на Божјето Слово- ЦВН.
- Аврам заминува од Ур.
- Пристигнува во Канаан- ЦВН.
- Аврам оди во Египет.
- Го лаже фараонот.
- Фараонот го враќа Аврам назад во Канаан - ЦВС.

**Кулминација:** -Бог на Аврам му ветува син.

**Заклучок:**
- Се раѓа Исмаил.
- Бог го обновува ветувањето за син - ЦВС/ЦВН

**Стих за напамет:** "Верен е Тој кој ветил" Евреите 10:23.

**Визуелни помагала:**

Употребете ги фигурите Р1-Р18. Направете натписи на картон: ЗЕМЈА, ГОЛЕМ НАРОД, БЛАГОСЛОВИ, ГОЛЕМО ИМЕ, ДА БИДЕ БЛАГОСЛОВ, СИТЕ СЕМЕЈСТВА. Најдете слика на божилак (ѕуница).

**Подготовка за вклучување на децата:**

Одберете пет деца и секое од нив нека прочита по едно од ветувањата кои Бог му ги даде на Аврам и на фланелографот да го поставaт зборот кој одговара на ветувањето *(видете во текстот на сцена 1).*

## ЛЕКЦИЈА

*(Можеби ќе сакате да одберете поинаков пример на ветување за подобро да одговара на потребите на децата во вашата група.)*

Пријателот на Јонатан, Раде, му вети да му даде да повози еден круг со неговиот нов тркачки велосипед. Јонатан истрча до куќата на Раде и позвони. Му отвори мајката на Раде. "Дали е Раде дома?"- праша Јонатан. "Не."- одговори таа. "Отиде на риболов со татко му." "Жал ми е,"- се извинуваше мајката на Раде, "сигурно заборавил." Јонатан беше разочаран. Раде не го одржа ветувањето. Тој заборави.

Разочарувачки е кога некој не го одржува ветувањето. Има само Еден кој секогаш ги исполнува своите ветувања, а тоа е Бог. Ќе се сетите ли на ветувањето кое Тој го даде и на кое нè потсетува божилакот? *(Покажете слика на божилак и дозволете им на децата да одговорат.)*

Бог го одржа тоа ветување. Од времето на Ное, никогаш повеќе не се случи потоп на целата земја. Бог никогаш нема да ги заборави ветувањата кои ги дал. Кога Тој ќе вети нешто, Тој го мисли тоа и ќе го одржи. Во Библијата можеш да ги најдеш сите Божји ветувања. Добро е да ги бараш додека ја читаш. Прекрасно е дека може да му се верува на Бог да ги исполни ветувањата од Неговото Слово.

Но дури и по потопот, многу од луѓето не поверуваа во Бог. Синовите на Ное и нивните жени почнаа да имаат деца, нивните деца имаа деца, и така натаму. Поминаа околу 400 години. На овој свет повторно живееја илјадници луѓе. Но многу од нив не го славеа Бог. Некои од нив дури ѝ се поклонуваа и на месечината.

Едно од местата каде што тие живееја беше прекрасниот, богат град наречен Ур. Археолозите- луѓето кои го проучуваат животот на луѓето кои живееле многу одамна - длабоко во земјата пронајдоа закопани нешта кои покажуваат дека Ур бил град со големи куќи кои имале 10-20 соби, со кујни и купатила. Луѓето носеле прекрасен накит и нешта направени од злато и сребро. Во градот имало училишта,а и храмови и кипови на богот на месечината.

**Сцена 1** *(поставете ја фигурата Р1- Аврам)*




Во тој прекрасен град Ур живееше човек по име Аврам. И тој, исто така, беше богат. Ние не знаеме дали тој му се поклонувал на богот на месечината, или не. Но она што го знаеме за него е возбудливо. Еден ден, во животот на Аврам се случи нешто многу посебно: Бог, единствениот вистински Бог му проговори. Бог рече: "Аврам, напушти ја твојата земја и твојот народ - дури и твоите роднини - и оди во земјата која ќе ти ја покажам." Каква чудна порака! Бог му велеше на Аврам да го напушти градот, својот дом, а Тој дури и не му го кажа

името на местото каде што требаше да оди. Бог му нареди на Аврам: "Оди"- и во исто време му вети на Аврам да му даде земја *(поставете го натписот ЗЕМЈА на таблата).*

Божјите ветувања се често пати такви. Тој ни кажува за нешто што мора да го направиме. Ако го направиме тоа, Тој ни ветува нешто нам. На пример, Тој им вели на Своите деца: "Приближете се до Господа" - тоа е точно она што мора да го направиме. Тогаш доаѓа ветувањето: "И Тој ќе се приближи до вас" (од Јаков 4:8). Ова е ветување.

Бог на Аврам му даде и други прекрасни ветувања. *(нека децата кои ги одбравте ги прочитаат ветувањата и ги поставаат натписите на таблата).*

1. 1. Мојс.12:2а "Ќе направам голем народ" (ГОЛЕМ НАРОД).
2. 1. Мојс.12:2б "Ќе те благословам" (БЛАГОСЛОВ).
3. 1. Мојс.12:2в "Твоето име ќе биде големо" (ГОЛЕМО ИМЕ).
4. 1. Мојс.12:3а "Ќе бидеш благослов" (ДА БИДЕ БЛАГОСЛОВ).
5. 1. Мојс.12:3в "Во тебе ќе бидат благословени сите семејства на земјата (СИТЕ СЕМЕЈСТВА).

Бог имаше план со животот на Аврам и затоа му ги даде овие големи ветувања. Прекрасното нешто беше што Бог може да ги одржи сите нив. Понекогаш ти и јас ветуваме нешто и подоцна ќе сфатиме дека не можеме да го одржиме. Но Бог е толку велик и моќен што може секогаш да ги одржи своите ветувања. Тоа Него не му е тешко. Ниту пак Бог некогаш ќе прекрши некое ветување.

Иако мнозина од неговото семејство ѝ се поклонуваа на месечината, Аврам знаеше дека Господ е Бог и дека може да му се довери. Тој ја слушна Божјата заповед и Неговите ветувања. Тој не кажа само: "Бог е во право" - и да останеше во Ур. Не, тој реши да го направи она што го заповеда Бог и да верува Тој да ги одржи своите ветувања *(отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 2** *(поставете ги фигурите P1, Аврам и P2, Сараја)*




Сигурно најпрво разговарал со жена му Сараја. "Ќе треба да се селиме. Го напуштаме овој град." "Но, Аврам, каде одиме?" "Не знам, Бог ми рече дека треба да заминам одовде, а Тој ќе ни каже каде да одиме"- веројатно одговори Аврам *(додадете го таткото на Аврам, фигурата P3; Лот, фигурата P4, и брат му, фигурата P5).*

Без сомневање, Аврам му кажа на својот татко Тера, брат му Нахор и внукот Лот: "Мора да го напуштам Ур, ќе се иселам." И тие веројатно го прашаа: "Каде одиш?" Одговорот на Аврам веројатно беше истиот кој што ѝ го даде на Сараја: "Бог ми вети да ми покаже земја која ќе ми ја даде. Не знам каде е. Ќе му верувам на Бог."

Гледате, доверба не е само да се знае дека Бог ветил да направи нешто. Тоа значи да се верува дека Тој ќе го направи тоа за тебе. Аврам поверува во Бог и Неговиот збор и веруваше дека Тој ќе ги исполни ветувањата кои ги даде *(отстранете ги Аврам и Сараја).*

Замислете само како роднините мафтаа со глава: "Колку чудно! Да заминеш, а да не знаеш каде одиш. Не разбираме." Не можеа да разберат, бидејќи не го познаваа Бог како што го познаваше Аврам. Аврам знаеше дека Бог кој ги даде овие ветувања, ќе ги одржи. Затоа го направи она што Бог му кажа.

Бог сака и ти да Му веруваш на збор. Во Библијата има многу ветувања. Некои од тие ветувања се за оние кои никогаш не поверувале во Господ Исус како Спасител, некои се за оние кои поверувале. За кого е ова ветување? "Нема да те напуштам, ниту да те заборавам" (Евреите 13:5). За христијаните, за оние кои го запознале Исус Христос како нивен Спасител. Ајде сега да се сетиме на едно ветување кое е за оние кои никогаш не поверувале во Исус Христос. Исус го даде ова ветување, а Тој е исто така Бог, па може да бидеме сигурни дека ќе го одржи. Тој вети: "Кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор" (Јован 6:37б).

Зошто треба да дојдеш кај Исус Христос? Треба да дојдеш бидејќи лошите работи кои си ги направил те одвојуваат од Бог и Исус Христос е единствениот кој може да го одземе твојот грев. Можеби веќе си ја увидел потребата да ти се прости гревот, но си мислиш: "Јас сум многу лош - само да знаете колку пати сум крадел." Можеби некој ти рекол дека си премногу малечок да дојдеш кај Исус Христос. Слушни го уште еднаш ветувањето *(повторете го со нагласување).*

Без разлика колку си бил лош, без разлика колку си млад, кој и да си, ако дојдеш кај Исус Христос, Тој нема да те избрка. Така ветува Тој. Ти доаѓаш кај Господ Исус со тоа што ќе побараш да ти го прости твојот грев. Зошто не поверуваш на Неговото ветување и уште денес не дојдеш кај Него? Ако сакаш да го направиш тоа, а не си сигурен како, тогаш остани каде што си кога ќе си заминат другите. Тогаш ќе знам дека сакаш да разговараш со мене за ова и ќе ми биде драго да ти објаснам повеќе од Библијата. Многу е важно да го разбереш и навистина да му веруваш на тоа ветување, исто како што и Аврам веруваше на ветувањата кои му ги даде Бог. *(Отстранете ги сите фигури)*

**Сцена 3** *(поставете ги фигурите P6-12, воловските коли, камилите и овците)*

Аврам наскоро тргна на пат, оставајќи го зад себе градот Ур. Но кои се овие другите? Некои од неговите роднини решија да тргнат со Аврам и жена му. Со него тргнаа татко му и внукот Лот. Имаа слуги, животни и нешта кои ќе им требаат по патот. Библијата не ни




кажува како ги водеше Бог - но сигурно го правеше тоа - ден по ден и седмица по седмица. Сигурно им требаа десет седмици или повеќе да стигнат до градот Харан кој беше 1100 км. од Ур. Таму тие застанаа. Можеби таткото на Аврам беше престар или преуморен за да продолжи, бидејќи тие останаа во Харан додека не умре тој. Можеби таму поминаа речиси петнаесет години.

Најпосле, пак тргнаа кон земјата која им ја вети Бог. Каква глетка беше тоа! Изгледаше како цело село да се движи. Аврам и неговото семејство јаваа на камили, околу 600 слуги со нивните деца, магариња натоварени со разни работи, стада.

По многу патување тие пристигнаа во ветената земја која се викаше Канаан. Сигурно Аврам беше многу возбуден кога ја виде, кога одеше по неа. Да, Бог го одржа своето ветување! Можете ли да се сетите на другите ветувања кои Бог му ги даде на Аврам? *(Дозволете им на децата да ви одговорат.)*

Да размислиме за последното: "Во тебе ќе бидат благословени сите луѓе на земјата." Бог ветуваше дека заради Аврам, насекаде по светот ќе има луѓе кои ќе бидат благословени, дури и ти и јас! Како можеше Бог да го исполни тоа ветување? Исус дојде од семејството на Аврам. Исус Христос, Синот Божји беше роден како Евреин. Тој, Исус Христос, е голем благослов за луѓето по целиот свет. Тој дојде да биде Спасител *(поставете го крстот, фигурата P13 на една страна од таблата).*

Тоа значи дека Тој дојде да умре, да ја земе казната за нашите гревови. Тој воскресна од мртвите и е жив во Небото. Затоа Тој може да го одземе твојот грев. Затоа Тој може да го даде тоа прекрасно ветување: "Тој што ќе дојде кај Мене, нема да го избркам надвор" (Јован 6:37б). Поверувај во Неговите зборови уште сега. Кажи Му: "Господе Исусе, жал ми е за сите лоши работи кои сум ги направил. Сакам да се одвратам од нив. Ти благодарам што умре за мене. Те молам прости ми ги сите гревови." Тој нема да те избрка. Тој ќе ти посака добредојде и ќе ти прости. Зошто уште денес да не откриеш во твојот сопствен живот дека Тој ги одржува своите ветувања, исто како што Бог ги одржа своите ветувања дадени на Аврам? *(Отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 4** *(поставете го олтарот, фигурата P14, Аврам, фигурата P15)*

Заради Божјата верност кон Своето ветување Аврам можеше да оди по земјата која требаше да стане негова. Првото нешто кое го направи Аврам беше да го прослави Бог. Тој изгради олтар. Библијата ни вели: "Господ му се покажа".Колку мора да беше тоа убаво. Колку му




беше драго на Аврам дека му веруваше на Бог да го доведе на ова место.

Еден ден, Аврам многу се загрижи: "Со што ќе ја хранам стоката, овците, камилите и магарињата? Од што ќе живееме ние? Сигурно размислуваше за тоа. Погледна наоколу. Немаше останато многу трева. Ова значеше глад - гладни луѓе, многу гладни животни, немаше храна. *(Отстранете ги фигурите.)*

Ако Аврам му веруваше на Бог во ова време на глад, што ќе направеше? *(Дозволете им на децата да дадат свои предлози за тоа).*

Да видиме што направи тој. Тој реши самиот да си помогне. Го напушти Канаан и отпатува кон Египет. Бог не му кажа да оди таму. Египет не беше земјата која му ја вети Бог. Така Аврам  попадна во неволја.

Сараја, неговата жена беше многу убава. Аврам се плашеше дека кога Египќаните ќе ја видат ќе го убијат и ќе ја земат Сараја за себе. И така, без воопшто вера во Бог, Аврам ѝ рече на Сараја: "Кажи дека си ми сестра, за да не ме убијат мене и да не те земат тебе." Но планот на Аврам тргна наопаку. Фараонот ја зеде Сараја во својата палата - тој сакаше да ја земе за жена. Тогаш Бог испрати болест меѓу луѓето кои живееја во палатата. Набргу фараонот разбра дека Аврам не му ја кажа вистината. Беше многу налутен и набрзина ги испрати Аврам и Сараја во нивниот дом.

Но Бог не се откажа од Аврам. Тој не рече: "Аврам, ти ме разочара, јас завршив со тебе." Тој е многу верен Бог. Тој не може да ги прекрши Своите ветувања, дури и кога Неговите деца се непослушни.

Можеби ти си дете Божје. Исус Христос е твој Спасител, но како Аврам, и ти исто така си излажал. Твојот постар брат ти помогнал со домашната работа. Кога учителката ја прочита, беше многу задоволна и те праша: "Сам ли ја напиша?" Ти одговори: "Да!" Излажа. Сега се чувствуваш несреќен, бидејќи знаеш дека тоа не беше по волјата Божја. Има ли Бог дадено ветување за тебе, христијанин кој направил нешто спротивно на Божјата волја? Да! Слушни го ова: "Ако ги исповедаме гревовите наши, верен е Тој и праведен да нè очисти од секоја неправда" (1. Јованово 1:9). Ако жалиш за лошото што си го направил и му кажеш за тоа на Бог, Тој ќе ти прости, така е Неговото ветување. Се разбира, ќе треба тоа да го расчистиш и со учителката. Но, момчиња и девојчиња кои сте христијани, кога ќе згрешите, сетете се: Бог сака да му кажете дека ви е жал. Тој ветува дека ќе ви прости. Откако сте го направиле тоа, не треба веќе да се чувствувате виновни. Тој е верен и кога ние го изневеруваме. Колку мора да му беше на Аврам драго за тоа.

Една ноќ, Бог му проговори на Аврам: "Ќе имаш син. Погледни на небото и изброј ги ѕвездите. И твоето семејство ќе биде такво, поголемо отколку што може да се изброи." Ова беше ветување - дека на Аврам ќе му се роди син. Библијата ни вели: "Аврам му поверува на Бог (1. Мојс. 15:6) *(Отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 5** *(поставете ги Аврам, Сараја, шаторот, фигурите P16-18)*




Но годините си поминуваа, а немаше син. Дали Бог заборави на ветувањето? Не, Тој никогаш не ги заборава ветувањата. Дали Бог се предомисли? Не, Бог никогаш не го прави тоа. Дали Бог сфати дека не може да го исполни ветувањето? Не, нема ништо што е премногу тешко за Бог. Тој ќе го исполнеше своето ветување во свое време. Но Аврам и Сараја не можеа да разберат зошто Бог не им го дава детето кое им го вети. Сараја се измори од чекање. Еден ден таа му кажа на маж ѝ: "Јас сум премногу стара за да имам деца. Земи ја мојата слугинка, Хагар, како втора жена, и можеби та ќе ти роди син." Ова не беше Божјиот план, но Аврам го направи тоа. И тој беше уморен од чекање на Бог за Тој да го исполни своето ветување, исто така; заборави да му верува на Бог. Бог своите ветувања не ги исполнува секогаш веднаш, но ќе ги одржи, тоа е сигурно.

Хагар роди син и го нарекоа Исмаел. Но тој не беше ветениот син. Кога Исмаел имаше 13 години, Бог уште еднаш му проговори на Аврам, повторувајќи го ветувањето: "Сараја ќе има син." Аврам се насмеа и му рече на Господ: "Зарем ќе ми се роди мене син, кога имам 100 години? Зарем Сараја, која има 90 години, ќе роди син?" Изгледаше невозможно! Но Бог вети и за Него нема ништо невозможно. Бог дури го промени името на Аврам во Авраам, што значи: "татко на многу народи". И Името на Сараја беше сменето во Сара (принцеза). Овие имиња сигурно им помогнаа да го запомнат прекрасното Божје ветување.

Зарем не ти е драго што Бог го исполнува секое ветување кое го дал? Ако си христијанин, можеби ќе сакаш да си ги потцрташ ветувањата кои ги наоѓаш во Библијата. Тоа ќе ти помогне да ги запомниш. Најважно од сè, верувај во Бог дека ќе ги исполни.

Во Римјаните 8:28 има едно прекрасо ветување за секој христијанин. "Знаеме дека сè им врви на добро на оние кои го љубат Бог." Тоа значи дека што и да ти се случи во животот - тажни нешта, радосни нешта, разочарувања - Бог има причина зошто ги допушта и ќе ги изведе на добро. Тој често користи такви работи за да нè направи послични на Господ Исус. Верувај во Бог кога е тешко. Многу е лесно да го обвинуваш Бог ако мајка ти или татко ти се болни, или умреле. Ако го обвинуваш Бог и престанеш да разговараш со Него, тоа не значи да се верува во Неговите ветувања. Ако се обвинуваш себеси и мислиш дека ако си била пољубезна немало да се случи тоа, ти не веруваш во Божјето ветување. Кога нештата се тешки или тажни, кажи му на Бог дека веруваш оти Тој води сè на добро. Верувај му да ги исполни ветувањата.

Ако не си христијанин, ако никогаш не си поверувал во Исус Христос како во Спасител, запомни го специјалното ветување кое го дал: "Кој ќе дојде кај Мене, нема да го избркам надвор." Дојди кај него уште сега за да ти се простат гревовите. Тој ветува дека нема да те избрка.

**Прашања за повторување на првата лекција**

1. Што му кажа Бог на Аврам да направи, кога тој живееше во Ур?
*(Аврам, напушти ја својата земја и твојот народ, дури и роднините, и оди во земјата која Јас ќе ти ја покажам.)*

2. Зошто послуша Аврам?
*(Бидејќи Бог вети да му даде на Аврам земја и тој поверува во Неговото ветување).*

3. Што значи да се "верува во Бог"?
*(Да се очекува Бог да го направи тоа што го ветил.)*

4. Можеш ли да кажеш едно од Божјите ветувања?
*(На пример, Евреите 13:5; Јован 6:37б)*

5. Кој тргна заедно со Аврам и Сараја?
*(Таткото на Аврам, Тера, неговиот внук Лот и нивните слуги.)*

6. Што згреши Аврам во Египет?
*(Не му веруваше на Бог и кажа дека Сараја му е сестра.)*

7. Кои беа некои од ветувањата кои Бог му ги даде на Аврам?
*(Од тебе ќе направам "Голем народ"; ќе те "благословам"; ќе го направам твоето име "големо"; "ќе бидеш благослов"; во тебе ќе бидат благословени "сите семејства"; тебе и на Сараја ќе ви дадам син.)*

8. Зошто изгледаше невозможно за Аврам и Сараја да имаат син?
*(Аврам и Сараја беа премногу стари за да имаат деца).*

9. Зошто можеш да си сигурен дека Бог ќе ги одржи своите ветувања?
*(Бидејќи Тој е Бог кој може да прави невозможни нешта).*

10. Каде може да ги најдеш Божјите ветувања?
*(Во Неговото Слово, Библијата).*

**Втора лекција**

Забелешка: ова може да биде посебна **евангелизациска лекција** која зборува за тоа како Бог го даде Својот Син за нас. Како што е објаснета овде, лекцијата нема примена за неспасените деца. Затоа ви предлагаме, на друго место во програмата да го употребите следното за да поучувате кои се Божји деца. *(Покажете слика на бебе)*

Прекрасен ден е кога се раѓа бебе во едно семејство. Можеби имате помал брат или сестра и добро го помните денот кога се родија.

Уште поважно е да се родиш во Божјето семејство и така да станеш Божјо дете. Како може да се случи тоа?

- Не кога ќе се родиш како мало бебе.
- Не ако одиш во црква.
- Не кога ќе умреш.

Библијата ни кажува кога се случува тоа. Слушнете го ова: (прочитајте го Јован 1:12). Оние кои го примаат Исус Христос како Спасител се раѓаат во Божјето семејство. Лошите нешта во твојот живот те држат надвор од него. Но Исус Христос може да ги отстрани овие нешта, бидејќи Тој умре за да го отстрани гревот. Тој е жив и може да дојде во твојот живот. Ако сакаш да се одвратиш од лошите работи и сакаш да станеш дел од Божјето семејство, тогаш мора да поверуваш во Исус Христос за Тој да го одземе сиот твој грев. Ако го замолиш, Тој ќе го направи тоа и ти ќе се родиш во Божјето семејство. Бог ќе те направи нова, поинаква личност. Тој ќе биде твојот љубезен Небесен Татко. Така се станува дете Божје.

**АВРААМ ГО ДАВА СИНОТ КАКО ДАР**

**Библиски текст:** 1. Мојсеева 21:1-8; 22:1-14

**Централна вистина:** Бог ги испитува своите деца за да ја зацврсти нивната вера во Него.

**Примена:** ***за спасените деца:*** Кога нештата се тешки, биди зависен од Божјата помош.

**Развој на настаните**
- Раѓањето на Исак- ЦВС.
- Исак расте.
- Авраам го поучува Исак.
- Бог бара од Авраам да го жртвува Исак - ЦВС.
- Авраам, Исак и слугите тргнуваат на пат.
- Авраам и Исак ги оставаат слугите и продолжуваат сами - ЦВС.
- Исак прашува: "Каде е јагнето?" Авраам одговара: "Бог ќе го даде" - ЦВС
- Авраам го положува Исак на олтарот - ЦВС.

**Кулминација:** Авраам го подига ножот.

**Заклучок:** Ангелот вели: "Немој да го повредиш момчето."
Бог дава јагне.
- Авраам и Исак заедно се враќаат дома - ЦВС.

**Стих за напамет:** Знам, Боже мој, дека Ти го испитуваш срцето и ги сакаш чистите срца. 1. Кн. Летописи 29:17а.

**Визуелни помагала:**

Потребни ви се следните фигури: P13, огнот исечен од P14, P16-P36. Ако ја користите ова лекција како специјална евангелизациска лекција *(видете ја забелешката)*, можеби ќе сакате да вклучите и фигура на Исус Христос.

**Подготовка за вклучување на учениците:**

Ако е можно имајте касетофон и микрофон за да ги "интервјуирате" Авраам и Исак по лекцијата. Половината од децата можат да бидат Авраам, а другата половина Исак. Вие или вашиот помошник може да им ги поставите прашањата кои ги предлагаме на крајот на лекцијата.

**ЛЕКЦИЈА**

Зарем не е тешко кога треба да чекате за нешто посебно? Ви ветиле компјутерска игра за роденден - но мора да чекате. Ти и твоето семејство ќе одите на возбудлив одмор - но мора да чекате уште неколку седмици. Ви се чини дека времето никогаш нема да дојде. Сигурен сум дека на Авраам и Сара им беше тешко да чекаат на синот кој им го вети Бог. Требаше да чекаат 25 години! За тоа време Бог го промени името на Аврам во Авраам и на Сараја во Сара. Затоа од сега натаму ќе ги нарекуваме така.

**Сцена 1** *(поставете го шаторот P17; Авраам, фигурата P16)*




Најпосле, чекањето заврши! Авраам имаше 100 години, а Сара 90, кога се роди нивниот син. *(Поставете ја Сара, фигурата P18, бебето Исак, фигурата P19.)*

Едно од првите нешта кое татковците и мајките го прават е да му дадат на бебето име. Авраам и Сара го нарекоа детето Исак, бидејќи тоа значи "Смеа". Авраам и Сара се смееја кога слушнаа дека ќе им се роди син кога се веќе стари. Сара рече: "Бог ме натера да се смеам и секој кој ќе слушне за ова ќе се смее со мене."

Кога го гледаа својот скапоцен син Авраам и Сара сигурно чувствуваа дека чекањето се исплати. Нивната

вера во Бог беше засилена додека очекуваа Бог да го исполни ветеното.

Не е секогаш лесно да се чека. Можеби ти си единствениот христијанин во семејството. Ти си побарал од Бог да ги спаси мајка ти и татко ти, браќата и сестрите, а тие сѐ уште не се христијани... Ти продолжуваш да се молиш и да чекаш. Би било многу полесно Бог да го направи тоа одеднаш. Но додека чекаш на Бог Тој да одговори, можеш да научиш да му се доверуваш сѐ повеќе. Секој ден мора да зависиш од Неговата помош за да живееш како христијанин во твоето семејство. Ќе откриеш дека Бог навистина ти помага. Бог ни ги дава овие "тестови" или тешкотии, за да веруваме повеќе во Него.

**Сцена 2** *(отстранете го бебето, поставете го Исак, фигурата Р20.)*




Но за Авраам чекањето заврши, "тестот" беше готов. Библијата ни вели дека тој ги повика своите пријатели на голема прослава за Исак, кога тој беше сѐ уште мал и имаше четири или пет години. Авраам мора да беше горд на својот син. *(Заменете ги Авраам и Исак со фигурите Р21 и Р22.)*

Додека Исак растеше, животот мора да му беше интересен и возбудлив. Неговото семејство не живееше во куќа, туку во шатор, веројатно во убав шатор. Но кога Авраам требаше да се премести за да најде свежа трева и вода за стоката, камилите, магарињата, овците и козите, шаторот требаше да се растури. Исак сигурно уживаше во овој начин на живот *(отстранете ги фигурите).*

**Сцена 3** *(поставете го олтарот, фигурата Р23; жртвата Р24.)*




Исак сигурно виде дека Авраам го познава и го љуби Господ Бог. Сигурен сум дека Авраам не заборави да го поучува Исак за Бог. Го поучуваше на начинот на славење и простување преку жртвување. Така Исак често гледаше како татко му собира камења и гради олтар. Гледаше како зема јагне, му ги врзува нозете и го поставува врз дрвата. Тогаш, со брз удар на неговиот голем нож, јагнето беше убивано и крвта течеше по олтарот.

"Животното умира за нашиот грев"- веројатно објаснувашеАвраам. "Бог рече дека ако сакаме простување, мора да се пролие крв." *(погледајте во 3. Мојсеева 17:11 и Евреите 9:22).* Откако беше пролеана крвта на животното, тогаш жртвата беше изгорена. Тоа се нарекуваше "жртва паленица" *(додајте го огнот кој го исековте од фигурата Р14).*

**Сцена 4** *(отстранете го Авраам,Исак, Сара. Поставете го крстот, фигурата Р13 над олтарот.)*




Денес не мора да го славиме Бог на овој начин. Јагнето на олтарот беше само слика на Господ Исус Христос кој требаше да умре на крстот за гревот. Тој е наречен: "Јагне Божјо, кое врз себе ги зема гревовите на светот" (Јован 1:29). Тој ја даде Својата крв, за да го прости не само твојот и мојот грев, туку да ги прости и гревовите на Авраам и Исак. Се разбира, Господ Исус *(отстранете ги крстот, олтарот, жртвата)* дојде многу подоцна од времето кога Исак учеше за овие животински жртви.

Едно утро, многу рано, Авраам го разбуди својот син. "Исак, станувај! Време е да станеш!" Зошто го будеше Исак толку рано?

Таа вечер Бог му проговори на Авраам: "Авраам!" "Еве ме", одговори Авраам. "Сакам да го земеш твојот син, твојот единствен син, Исак, кој го љубиш. Оди во земјата Морија и жртвувај го таму како жртва паленица. Откако ќе отидеш таму, Јас ќе ти кажам на која планина ќе го жртвуваш син ти."

Библијата ни вели дека Бог го тестираше Авраам. Каков тест! Колку тешко нешто за Авраам - да го жртвува својот скапоцен син. Ова мора да беше најтешкото време во животот на Авраам. Сигурен сум дека беше натажен и збунет. Ако го љубиш Господ Исус Христос, животот нема да е секогаш лесен. Бог никогаш не ни ветил лесен живот. Наместо тоа, Господ Исус рече: "Во светот ќе имате маки" (Јован 16:33). Маките се време на испитување. Можеби токму сега има нешто многу тешко во твојот живот: баба ти е болна, имаш домашна работа која воопшто не ја разбираш, родителите постојано се расправаат. Ти се чудиш зошто Бог дозволува да ти се случуваат вакви работи, кога си Негово дете. Но Библијата ни вели дека Тој често ни праќа вакви тестови за да ја засили нашата вера во Него.

Кога ти е тешко, барај од Бог да ти помогне. Тој ќе ти помогне, самиот ќе научиш повеќе за Бог и ќе станеш посилен христијанин. Затоа, немој да се бориш против Бог, не го обвинувај за тешкотиите. Наместо тоа, верувај му да ти помогне во нив. Тоа требаше да го направи и Авраам кога беше соочен со овој голем тест.

"Бог побара од нас да отидеме на една планина во Морија за да го славиме"- му објасни Авраам на Исак тоа утро. "Тоа е пат од три дена и затоа треба да тргнеме рано."

**Сцена 5** *(додадете го Исак, фигурата P25; Авраам, фигурата P22; магарето, фигурата P26; дрвото, фигурата P27 - на грбот на магарето; слугите, фигурите P28 и P29, пред шаторот, P17.)*




Беа извршени подготовките за патувањето. Авраам нацепи дрва, ги врза и ги натовари врз магарето. И двајца од слугите, исто така се подготвуваа да одат со него. Им требаа покривачи и душеци за спиење. Можеби Сара им спакува храна за по пат. Таа не одеше со нив.

Набргу ѝ рекоа "довидување" и тргнаа кон Морија *(отстранете го шаторот; поставете ги фигурите во "патувачки" распоред)*: Веројатно Авраам беше многу тивок, понекогаш можеби очите му се исполнуваа со солзи, кога мислеше на жртвувањето на Исак. Дали Бог побара Авраам да го направи ова затоа што не го сакаше?

Не! Авраам знаеше дека Бог го сака. Тој беше сигурен во тоа и затоа можеше да му верува и во најтешкот тест. Кога Бог дозволува тешкотии во твојот живот, тоа не значи дека не те сака. Бог никогаш не престанува да те сака. Понекогаш Тој дозволува тешкотии само заради тоа што толку те љуби. Бог ќе ти ја даде храброста да се соочиш со тестот. Тој никогаш нема да дозволи тешкотија која е премногу за тебе. Можеби татко ти нема работа; можеби не успеа да се запишеш во училиштето каде што сакаше. Кога ти се случуваат такви работи, верувај му на Бог. Ако го направиш тоа, твојата вера во Него ќе стане посилна. Преку овој тест се засилуваше верата на Авраам.

Еден ден, една ноќ. Два дена. Две ноќи. Три дена. На третиот ден тие ја видоа планината Морија. Можеби Авраам му ја покажа на својот син. "Исак, таму ќе му принесеме жртва на Бог." Тогаш им се обрати на слугите: "Чекајте нè тука со магарето. Исак и јас ќе се качиме на планината. Ќе го прославиме Бог и тогаш ќе се вратиме кај вас" *(отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 6** *(поставете го Исак, фигурата P30; дрвата, фигурата P27; Авраам, фигурата P31.)*




Што рече тој? "Ќе се вратиме кај вас". Ако Бог сакаше Исак да биде жртва паленица, како ќе се вратеа двајцата? Библијата ни вели дека Авраам веруваше дека Бог можеше "да го воскресне него (Исак) дури и од мртвите..." (Евреите 11:19). Ако Исак беше жртвуван, Бог ќе го вратеше назад во живот. Колку беше силна верата на Авраам!

Низ тешкотиите тој научи да му верува на Бог. Кога си разочаран, или кога си повреден и тажен,твојата вера во Бог може да стане посилна ако му веруваш да изведе сè на добро. Ако сè беше постојано во ред, твојата доверба во Бог ќе беше слаба. На некој начин, тоа е слично на она што се случува со дрвото. Кога е суша и нема дожд, корените на дрвото одат сè подлабоко и подлабоко во влажната земја. Се разбираа, тоа го прави дрвото посилно. Кога ќе дојдат бурите, тоа може да стои цврсто, бидејќи корените му се длабоко во земјата.

Едно момче христијанин по име Михаил беше како тоа дрво. Тој го љубеше Господ Исус, но неговиот брат не и затоа постојано му задаваше проблеми на Михаил. Кога тој ја читаше Библијата, брат му пушташе радио, го исмеваше, кажуваше лаги за него. Понекогаш Михаил му велеше на Бог: "Господи, зошто ми е тешко? Ми доаѓа да се откажам. Те молам помогни ми да живеам за тебе."Неговата зависност од Бог беше иста како кога дрвото пушта корења. Бог не направи да му е полесно, но му помогна на Михаил да не му одвраќа на брат му. Една вечер, Михаил имаше шанса да му каже на брат му што значи да се биде вистински христијанин. За Михаил беше тешко, но тој уште повеќе се надеваше на Бог. Да, таквите тестови се навистина тешки, но Бог има добри причини заошто ги допушта. Бог имаше свои причини зошто побара од Авраам да го жртвува синот.

Заедно, ги напуштија слугите и тргнаа. Исак ги носеше дрвата. Авраам го зеде големиот нож кој го употребувше да ги убива животните за жртва. Едно време никој не проговори. Но Исак размислуваше и не можеше веќе да ги задржи мислите за себе. "Татко"- рече тој. "Да синко,"- одговори Авраам. "Види",- рече Исак, "еве оган и еве дрва, но каде е јагнето за жртвата паленица?"

На Авраам сигурно му требаше долго време да одговори. Тогаш рече: "Самиот Бог ќе даде јагне за жртвата паленица, синко." И тие продолжија заедно да одат нагоре.

Бог ќе даде. Овие прекрасни зборови ја покажаа верата на Авраам во Бог, во најтешкиот тест кој го

имаше. Ако си христијанин, и ти можеш да се надеваш на Божјата помош, без разлика каков проблем имаш. Ако го направиш тоа.ќе видиш дека Тој ти ја дава храброста и ти помага да го правиш она што е правилно *(отстранете ги фигурите).*

**Сцена 7** *(поставете ја грмушката, фигура P32; со овен во неа, фигура P33; фигурата на Авраам, P22; Исак, фигурата P23.)*




Колку што одеа подалеку, тестот станувашe сѐ потежок за Авраам. Најпосле беа на врвот на планината. Аварaам почна да собира камења за да направи олтар. Исак му помогна. Најпосле го изградија олтарот *(поставете го олтарот, фигурата P23).*

Тогаш Авраам ги одврза дрвата и ги положи на олтарот. Библијата не ни кажува што точно се случи, но веројатно беше нешто слично на ова што ќе ви го кажам

Авраам објасни што требаше да направи и зошто го прави тоа. "Бог ми кажа денес да направам нешто чудно. Не разбирам; но знам дека треба да послушам." Веројатно Авраам плачеше додека објаснуваше: "Бог ми кажа да те доведам на ова планина и да те жртвувам како жртва паленица. Не знам што ќе направи Бог. Но знам дека можам да му верувам. Сигурен сум дека Тој ќе се погрижи за нас. Мора да го послушам Бог." Понекогаш е многу тешко да се одбере да му се биде послушен на Бог. За Наде беше многу тешко. Таа сакаше да оди на екскурзија заедно со целиот клас, но нејзините родители немаа пари. Еден ден, одејќи кон училиштето, Наде на плочникот пронајде точно толку пари колку што ѝ беа потребни. Сигурно ги изгубил некој од нејзиниот клас . Никој не знаеше дека таа ги најде. Таа можеше да ги употреби за да плати за екскурзијата, или пак да ѝ ги даде на учителката и таа да праша чии се. Ако сакаше да биде послушна на Бог, што требаше да направи и зошто? *(Дозволете им на децата да одговорат.)*

Ова беше тежок тест за Наде, но Бог ѝ помогна да Му биде послушна. Заради овој тест, стана подобра христијанка. Ако вие кои го љубите Господ Исус се соочувате со вакви тестови, надевајте се Бог да ви помогне да му бидете послушни. Тоа го направи и Авраам.

**Сцена 8** *(отстранете го Исак, фигурата P25; поставете ја фигурата P34 на олтарот.)*

Додека Авраам објаснуваше што ќе се случи, тој го врзуваше јажето, врзувајќи ги рацете на Исак. Исак не се обиде да го запре. Тој беше посилен од татко му. Тој




лесно можеше да избега. Неговото срце мора да беше полно со прашања, но тој беше послушен и му дозволи на Авраам да му ги врзе и нозете и да го положи врз дрвата на олтарот. Тој многу пати имаше гледано како животните умираат на таков олтар. Исак веројатно ги затвори очите кога го виде својот татко како го подига неговиот голем нож. *(Отстранете ја фигурата P22; Поставете ја фигурата P35, Авраам.)*

Одеднаш се слушна глас: "Авраам!" Исак ги отвори очите. Слушна како татко му одговори: "Еве ме!" Бог испрати ангел *(поставете го ангелот, фигурата P36.)*

Тој рече: "Не го допирај момчето, не го повредувај. Сега знам дека се плашиш од Бог, бидејќи не го пожали ни својот единствен син заради Мене." Колку само му беше драго на Исак да го слушне тој глас!

**Сцена 9** *(Отстранете ги фигурите P34 и P35; поставете ги фигурите P25 и P22.)*




Авраам се заврте околу себе. "Исак, погледај! Овен!" Овенот се имаше заплеткано со роговите во една грмушка. Жртвата беше тука! Бог ја обезбеди жртвата паленица. Авраам го зеде овенот и го стави врз жртвеникот наместо Исак. *(Отстранете го овенот од грмушката и поставете ја сликата P24 врз олтарот.)* Потоа ги запали дрвјата (поставете ја фигурата на оган од P14). Жртвата беше принесена- жртва паленица. Кога Исак стоеше покрај олтарот сигурно му благодареше на Бог со целото свое срце. Овенот умре наместо него. И ти треба да запомниш да му благодариш на Бог кога Тој ти помага во тешкотии.

Таткото и синот заедно се вратија дома. Ниту еден од нив никогаш нема да го заборави тој ден, тој многу тежок тест. Авраам го положи тестот. Тој покажа дека неговата вера во Бог беше вистинска. Бог и нам ни дава тешкотии да им покаже на другите и нам дека навистина длабоко зависиме од Него (1. Петрово 1:7). Лесно е да се зборува за вера во Бог кога сѐ е лесно, но само вистинските христијани можат да му веруваат во тешките времиња.

Ако го љубиш Господ Исус, запомни: Бог има прекрасни, посебни причини што дозволува да имаш проблеми и тешкотии. Тој ќе ги употреби да те направи посилен христијанин. На крајот, да му благодариме дека Тој знае зошто доаѓаат проблемите. Да го замолиме да ни помогне преку нив да станеме што послични на Господ Исус *(учителе, завршете со молитва)*.

**Предложени прашања за интервју:**

* Авраам, зошто ова утро отиде на планината Морија?

* Исак, кои прашања му ги постави на татко ти кога заедно се качувавте на планината?

* Авраам, ако си го сакаше синот, како можеше да го жртвуваш?

* Исак, кој беше твојот најтежок момент?

* Исак, како точно се чувствуваше тогаш?

* Авраам, зошто беше толку сигурен дека и двајцата ќе се вратите дома?

* Исак, кој дел од денес ќе го паметиш засекогаш?

* Авраам, како тоа: колку повеќе старееш, повеќе му веруваш на Бог?

**Прашања за повторување на втората лекција**

1. Имав 90 години кога ми се случи нешто што ме насмеа. Која сум јас?
*(Сара)*

2. Јас сум син на Авраам и Сара. Моето име значи "смеа". Кој сум јас?
*(Исак)*

3. Зошто ние повеќе не принесуваме животински жртви на Бог?
*(Бидејќи Господ Исус, Јагнето Божје, умре на крстот за гревовите на светот.)*

4. Зошто Бог оззволува тешкотии во животот на Неговите деца?
*(Да нà тестира и да ја засили нашата вера во Него.)*

5. Кои прашања му ги поставуваше Исак на Авраам додека одеа за да ја принесат жртвата?
*(Каде е јагнето за жртвата паленица?)*

6. Кој беше одговорот на Авраам кон Исак?
*(Самиот Бог ќе обезбеди јагне за жртвата паленица, синко.)*

7. Зошто Авраам им рече на слугите. "Ќе се вратиме?"
*(Авраам веруваше дека Бог може да го воскресне Исак дури и од мртвите.)*

8. Кој умре на местото на Исак?
*(Овен)*

9. Опишете ми го погрешниот начин на кој христијанин може да реагира на тешкотиите во неговиот живот.
*(Нпр. да го обвинува Бог за тешкотиите.)*

10. Опишете го правилниот начин за христијанин да реагира на тешкотиите во својот живот.
*(Да бара од Бог помош и да му верува да изведе сè на добро.)*

**Забелешка:** Ако сакате ова лекција да ја поучувате како посебна евангелизациска лекција, можете да ја употребите и како слика на смртта на Господ Исус, користејќи ги следните точки:

Исак беше возљубен син - Господ Исус, возљубениот Син Божји.

Исак правеше и одеше како што ќе му кажеше татко му - Господ Исус беше послушен на Отецот.

Исак го носеше дрвото - Господ Исус го носеше крстот.

Олтар на планината - Крст на ридот Голгота.

Исак не ја заслужуваше смртта - Господ Исус немаше направено ништо лошо. Тој умре наместо грешниците. Исак беше вратен од смртта - Господ Исус беше воскреснат од мртвите.

Не се обидувајте да го поучувате сето ова заедно со вистината која се поучува во лекцијата. Најдобро е да се поучува едното или другото.

**Трета лекција**

Ова лекција нема примена за неспасени деца. Затоа ви предлагаме следното да го употребите за неспасените деца во друг дел од програмата:

Во рацете имам упатство за употреба за мојата *(наведете го апаратот за кој се однесува)*. Кога ја купив... внимателно го прочитав упатството на производителот. Луѓето кои ја произвеле најдобро знаат како работи! Ако не ги прочитам и следам упатствата на производителот ќе имам проблеми.

Овде имам едно друго, многу поважно упатство *(подигнете ја Библијата)* Тоа е упатство за тебе и мене и е од нашиот Создател, Бог. Се разбира, Тој најдобро знае како треба да живееме. Ова упатство ни кажува многу важни нешта. Ни кажува дека сите се отстранивме од Бог и му станавме непослушни. Читаме дека Исус Христос, Единствениот Божји Син *(слика 1)* умре на крстот и беше казнет за нашата непослушност. Но денес Тој не е мртов *(слика 2)*. Тој оживе и е засекогаш жив. Тој може да те оправда пред Бог. Тој може да ти ги прости сите гревови и да ти помогне да ги следиш упатствата на Библијата. Таа ни вели: "Покајте се, пак и обратете се, за да се очистите од гревоввите ваши" (Дела 3:19), *(слика 3)*. Одврати се од лошиот пат, поверувај во Исус Христос за да те направи прав пред Бог. Тогаш сите твои гревови ќе бидат избришани. Многу е важно да се почитуваат упатствата на твојот Создател.

Учителе, можете да ги направите овие едноставни помагала, да ги вадите од вашата Библија и да ги покажувате додека поучувате.



## АВРААМ БАРА НЕВЕСТА ЗА СВОЈОТ СИН

**Библиски текст:** 1. Мојсеева 24; 15:2. (Општо е прифатено дека слугата испратен да бара невеста за Исак е Елиезер).

**Централна вистина:** Бог ги води Своите деца.

**Примена:** ***за спасените деца:*** барај од Бог да ти го покаже Неговиот пат во сите одлуки кои ги донесуваш.

**Почеток:** Претставување на концептот на водство.

**Развој на настаните:**
- Авраам го советува својот слуга за барањето жена за Исак- ЦВ.
- Елиезер заминува од домот на Авраам.
- Елиезер пристига до бунарот блиску до градот Нахор.
- Го моли Бог за водство - ЦВС.
- Елиезер ја моли Ребека да му даде да пие и таа одговара - ЦВС.
- Елиезер му благодари на Бог - ЦВС.
- Елиезер оди во домот на Ребека.
- Таму кажува за сѐ што се случило.
- Мајката и братот на Ребека велат: "Тоа е од Господа" - ЦВС.
- Следното утро семејството на Ребека сака да го одложи заминувањето.
- Ребека вели: "Ќе одам".

**Кулминација:** Исак и Ребека се среќаваат.

**Заклучок:** Ребека му стана жена на Исак - ЦВС.

**Стих за напамет:** Јас ќе те упатам, ќе ти покажам по кој пат да одиш; ќе те советувам и над тебе ќе бдеам. Псалм 32:8.

**Визуелни помагала:**

Употребете ги фигурите P8, 9, 11, 12, 17, 37-43. Фигурата 39 треба да е додадена заедно со P8 за сцена 2, но отстранета во сцена 5. Направете натписи:

- Бог води преку молитва;
- Библија;
- Други христијани.

**ЛЕКЦИЈА**

Ако составувате модел на авион, од каде знаете кое парче каде треба да се залепи? Или кога плетете нешто, како знаете каква плетка да употребите, или колку котелци да имате на иглата? *(Дозволете им на децата да ви одговорат.)*

Вие следите упатства! Кога вашето семејство оди на одмор некаде каде што не било порано, му требаат упатства. Треба некој да ви каже, или да ви го нацрта патот кој треба да го следите. Има збор кој го има истото значење како "да се следат упатства", а тоа е "водство". И двете значат "што да се прави", или "како да се направи". Главниот слуга на Авраам, човек за кој мислиме дека се викал Елиезер, требаше да изврши една многу важна задача за Авраам. За неа сигурно му требаше водство.

**Сцена 1** *(поставете го шаторот, P17, Авраам, P37, Елиезер, P38)*

Сара беше мртва, а Авраам многу стар. Тој многу размислуваше за својот син, Исак. "На Исак му треба жена"- си мислеше тој. Затоа го повика својот главен слуга, Елиезер. "Вети ми цврсто" - му рече Авраам на својот слуга, "дека нема да ми донесеш жена за мојот син од хананките, кои им се клањаат на идоли и прават други лоши нешта. Сакам да одиш во мојата земја, кај моите роднини, и таму да ми најдеш жена за Исак. Во




тоа време не беше чудно родителите да решат за кој или кога ќе се ожени нивниот син или ќерка. Елиезер не беше зачуден од желбата на Авраам. Но веќе почна да размислува за проблемите. "А што ако не најдам ниту една која ќе дојде со мене?"-праша тој. "Дали тогаш да се вратам и да го одведам Исак кај неа?" "Не, немој никогаш да го сториш тоа" - одговори Авраам. "Бог ме повика од таа земја. Немој никогаш да го вратиш Исак таму. Бог ќе испрати пред тебе ангел кој ќе те води, за таму да најдеш жена за мојот син. Ако жената одбие да дојде со тебе, тогаш ти си слободен од ветувањето кое ми го даде."

Авраам знаеше дека Бог на Елиезер ќе му ја покаже вистинската жена за неговиот син. Бог јасно ќе му кажеше "што да прави" и "како да оди". Бог е Бог кој ги води своите деца. Ако си го примил Исус Христос како твој Спасител, ти си дете Божје. Бог сака да ги направиш вистинските избори и решенија. Во Библијата Тој ветува: Јас ќе те упатам, ќе ти покажам по кој пат да одиш; ќе те советувам и над тебе ќе бдеам (Псалм 32:8). Можеби и ти треба да решиш: "Дали да одам на гимнастика, или во неделното училиште?" Или, "Дали да го гледам тој страшен филм заедно со семејството?" Бог го знае правиот пат. Тој сака да ти го покаже. Тој ги води Своите деца. Авраам беше сигурен во тоа и така му кажа на Елиезер *(отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 2** *(поставете ги фигурите, камилите и јавачите, P8, P9, P11, P12. Закачете ги P39 и P8)*




Елиезер се подготви да тргне. Десет камили беа натоварени со нешта за патот од 725 км до Харан, кој ќе траеше неколку седмици. Им требаа шатори, храна, ќебиња за по пат. Од Авраам зедоа разни убави работи - можеби тоа беа скапоцени камења, злато, сребро и убави облеки - за да покажат дека Авраам беше голем и богат човек. Елиезер со себе зеде и слуги, бидејќи неговото патување по жешкиот осамен пат можеше да биде опасно. Додека патуваа, Елиезер мора да мислеше: "Како ќе знам која треба да е жената за Исак? Што ќе ѝ кажам?" Тој знаеше дека му е потребен Бог за да го води. Елиезер имаше упатства од Авраам. Но му требаше нешто повеќе. Му требаше Бог да му ја покаже вистинската личност *(отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 3** *(поставете ги камилите, P11-12, камилите кои клечат, P41; Елиезер, P38; бунарот, P42)*




Беше вечер кога стигнаа близу до градот Нахор, каде што ги испрати Авраам. Тие застанаа покрај бунарот за да се одморат... и веројатно да решат што ќе прават понатаму. Кога Елиезер погледна кон градот виде како кон бунарот доаѓаат жени, носејќи стомни за вода. Тој се сети на зборовите на Авраам: "Бог ќе оди пред тебе..." Дали ќе види ангел? Понекогаш Бог им дозволи на некои луѓе да видат ангели, но многу почесто не ги гледаа, иако се тие таму. Елиезер знаеше дека дека му треба Бог за да го води. Затоа се молеше: "Ох, Господе Боже на мојот господар Авраам, те молам да покажеш милост кон мојот господар и ова патување да не биде напразно. Еве ме покрај бунарот, а девојките од градот доѓаат да полнат вода. Од една од нив ќе побарам да се напијам вода. Ако ми даде да се напијам и ми рече. "Ќе ти ги напојам и камилите," јас ќе знам дека таа си ја одредил за жена на Исак." Секогаш е мудро да се бара водство од Бог. Еден начин на кој Бог ги води своите деца е преку молитва. *(Поставете го натписот БОГ ВОДИ ПРЕКУ МОЛИТВА на таблата.)*

Кога го љубите Господ Исус запомнете да побарате од Бог да ви го покаже Неговиот пат, кога имате избор или решение кое треба да го направите. Затоа, кога одиш да купуваш подарок за мајка ти, замоли Го да ти помогне да го пронајдеш вистинскиот. Тогаш, додека ги гледаш различните нешта ќе видиш нешто и одвнатре знаеш дека е она вистинското. Или, прашај го Бог за тој хорор филм. Ќе ти ги збрка мислите. Не сакаш да ти се смеат бидејќи не сакаш да го гледаш, а сепак не се чувствуваш добро за да го гледаш. Додека му кажуваш на Бог за тоа, можеби ќе ти дојде мислата: Господ Исус нема да го гледа. Тогаш ќе знаеш што мора да правиш. Бог те водел додека си се молел. Елиезер беше мудар да се помоли, и да се моли на начин на кој го направи тоа.

Она што го побара од Бог беше многу невообичаено, бидејќи во таа земја беше многу необично за маж да разговара со жена која не го познава. Затоа, повеќето жени веројатно немаше да му обрнат внимание. Ако онаа која ја ја замолил нема да му даде само него вода, туку му ги напои и камилите, тоа ќе биде многу необично. Исто така ќе покажеше дека таа е љубезна, чувствителна личност, личност која не се плаши од работа. Да се црпат големи стомни вода од бунар, да се качат по скали, да ги истури во поилото ...и да се направи тоа за десет камили ... беше многу работа. Камилите пијат многу вода!

*(Поставете ја Ребека, P43.)*

Елиезер не беше ни завршил со молитвата, кога ја виде онаа која сакаше да ја праша. Таа беше прекрасна - убава млада жена. Дали беше вистинската? Ја гледаше како слезе до бунарот и ја наполни стомната. Кога се качуваше назад од бунарот, тој ја замоли: "Ќе ми дадеш ли да се напијам од твојата стомна?" "Пиј"- му рече таа. Ова беше првиот одговор! Елиезер се напи. И тогаш, таа рече: "Ќе ти ги напојам и камилите, додека не се напијат доволно." Ова беше вториот одговор! Се случи токму онака како што побара Елиезер. Бог го водеше.

Често пати, кога се молиме за водство, Бог дозволува да ни се случи нешто за точно да знаеме што да направиме. Да претпоставиме дека си се молел и си го прашал Бог: "На кого можам да му кажам за Тебе?" Тогаш еден ден некој ќе те праша: " Зошто сакаш да одиш во црква, неделно училиште, или во Клубот на Добрата Вест?" Или, "Бидејќи мајка ти не сака да те пушти на базен бидејќи не знаеш да пливаш, зошто не дојдеш без да ѝ кажеш?" Што ќе им кажеш на другарите? *(Продискутирајте со децата.)* Ова може да биде твојата можност да му кажеш некому за Господ. Бог ја одговорил твојата молитва за водство, со тоа што ти испратил некој кој има прашања.

Бидејќи Елиезер ги имаше двата одговори на својата молитва за водство, веројатно му беше сега тешко да не каже зошто е дојден. Но не кажа! Требаше да дознае уште нешто. Додека размислуваше да ја праша младата жена на кое семејство му припаѓа, почна да отпакува некои од скапоценостите кои ги донесе со себе. Златниот накит, прстенот и бразлетните ќе кажеа нешто за човекот кој го испратил. Откако младата жена ги напои камилите, Елиезер ѝ ги даде скапоценостите. Дозна дека се вика Ребека.

"Чија ќерка си ти?" - ја запраша. Кога му кажа, тој беше порадосен од било кога. Таа му беше роднина на Авраам! "Можеме ли денес да ја поминеме ноќта во твојот дом?" -праша тој."Имаме доволно место за вас и за камилите"- одговори таа.

Елиезер ја наведна главата и му заблагодари на Бог за Неговото водство. "Да е благословен Бог на мојот господар Авраам. Тој ме доведе на вистинското место." - рече тој. Бог е и денес ист. Ако си Негово дете, Тој сака да ти го покаже Неговиот пат. Тој сака да ти помогне да ги донесуваш вистинските одлуки. Запомни што вели Тој во Псалм 32:8 *(прочитајте го уште еднаш стихот.)*

Тој ќе те води кога се молиш. Понекогаш Бог те води преку читањето на Библијата. *(Поставете го натписот БИБЛИЈА под натписот МОЛИТВА.)* Колку повеќе ја читаш Библијата и го запомниш она што го пишува, повеќе ќе разбереш која е волјата Божја и што сака да прават Неговите деца. Ова ќе ти е од голема помош кога ќе треба да одлучуваш. На пример, ако треба да се решиш помеѓу играњето кошарка и одењето во Неделно училиште, ќе ти биде од помош да знаеш дека Библијата нѐ поучува дека треба да се состануваме со други христијани. Многу е важно да ја читаш Библијата за да ги разбереш Божјите патишта и да го направиш она што Тој го бара од тебе, бидејќи Бог нема никогаш да те води на начин кој е спротивен на она што Тој го вели во Библијата. Тоа е еден од начините на кои Бог ги води Своите деца. Тој го водеше Елиезер на друг начин. Како и да го направи тоа, Бог секогаш води. Треба да сме благодарни за тоа, како што беше и Елиезер.

Кога Ребека побрза кон дома, и таа беше возбудена. Овој човек беше слуга на Авраам. Таа често слушаше како во нејзиното семејство се зборува за Авраам. *(Отстранете ја Ребека).*

Братот на Ребека го виде скапиот накит кој таа го донесе и слушна што му кажа таа. Тој веднаш побрза до бунарот и го покани Елиезер во својот дом. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 4** *(поставете го Елиезер, фигурата P38; додајте ги натписите БОГ ВОДИ ПРЕКУ МОЛИТВА, БИБЛИЈА).*




Елиезер, слугите и камилите дојдоа во домот на Ребека и таму им подготвија јадење. "Јас нема да јадам додека не ви кажам зошто сум дојден" - објасни Елиезер. Бог го водеше до вистинското место и вистинската личност. Сега му веруваше на Бог да му помогне да ги каже вистинските зборови. Тој ја раскажа својата приказна почнувајќи од Авраам.

"Господ многу го благослови мојот господар"- рече тој. "Тој е важен човек и е многу богат. Бог му даде стада овци и говеда, камили и магариња, многу злато и сребро, многу слуги, мажи и жени. На Авраам и Сара им се роди син, кога беа стари и Авраам му го даде целото свое богатство на својот син."

Тој продолжи да раскажува како неговиот господар му кажа: "Не сакам мојот син да се ожени со девојка од злите Хананејци. Донеси ми жена од мојот народ."

Најпосле Елиезер кажа за својата молитва на бунарот: "Јас се молев, кога ќе ѝ кажам на девојката: 'Ќе ми дадеш ли да се напијам?' , таа да ми одговори: 'Пиј ... и ќе ти ги напојам камилите, исто така.' Уште пред да завршам со молитвата, се појави Ребека. Кога почнав да зборувам со неа, таа ми одговори точно како што се молев." Можете ли да замислите како се чувствуваше Ребека кога го слушна тоа?

Елиезер продолжи да објаснува. "Ја наведнав главата и го прославив Господ Бог на мојот господар Авраам, кој ме доведе на вистинското место. Бог ме доведе до вашето семејство и до вашата ќерка. Сега, кажете ми, ќе бидете ли љубезни кон мојот господар, или не? Дали вашиот одговор ќе биде "да" или "не", за да знам што да правам:"

Ребека не одговори. Но нејзиниот татко и брат одговорија за неа. "Ова мора да е од Господа" - рекоа тие. "Земи ја Ребека и оди, нека стане жена на твојот господар."

Бог го употреби Елиезер за да ѝ покаже на Ребека, нејзиниот брат и нејзиното семејство дека ова Беше Божјиот план. Тој го употреби слугата за да ги води. Бог често пати употребува други христијани за да ни помогне да го дознаеме Божјиот пат- особено кога сме деца. *(Поставете го натписот ДРУГИ ХРИСТИЈАНИ на таблата под натписот БИБЛИЈА).*

Можеби имаш прашања, како на пример : "Што да правам кога некој постојано ми се заканува на училиштето?" Или, "Дали да излажам и да кажам дека татко ми не е дома, кога е?" Едноставно не знаеш кој е Божјиот пат. Познаваш ли некој кој го љуби Господ Исус, некој на кого можеш да му веруваш? Зошто не поразговараш со таа личност и таа или тој ќе ти помогнат да разбереш кој е Божјиот пат. Запомни дека ќе ми биде драго да разговарам со тебе, ако сакаш. Едноставно остани по часот, остани да седиш на твоето место и јас ќе знам дека сакаш да разговараш со мене. Бог често пати употребува други луѓе да нѐ водат, исто како што го употреби Елиезер да ја води Ребека.

Кога Елиезер слушна дека Ребека ќе се врати со него се поклони до земја и го прослави Бог, благодарејќи му за Неговото водство. Тогаш отпакува уште повеќе од скапоценостите кои ги носеше со себе и на Ребека како дар ѝ даде многу скапоцености. Откако јадоа, легнаа да спијат. *(Отстранете го Елиезер.)*

Мислите ли дека Ребека легна да спие? Ова беше вечер која засекогаш го промени нејзиниот живот. Бог јасно ѝ покажа дека Исак треба да ѝ стане маж. Ако го љубите Господ Исус, кога ќе пораснете, ќе морате да донесете многу големи одлуки. Што ќе бидете: медицински сестри, земјоделци, машиновозачи, мисионери? Барајте од Бог Тој да ве води. Со кој ќе стапите во брак? Барајте Бог да ве води. Тој ќе ви покаже, ако навистина сакате да одите по Неговиот пат. Тој ветува дека ќе ве води и ќе го направи тоа, во малите и големите одлуки.

Тој го водеше Елиезер. Сега слугата на Авраам знаеше која е жената за Исак. Затоа следното утро сакаше да тргне на пат, назад кон Авраам. Се разбира, сакаше со себе да ја земе и Ребека. Но братот и мајката на Ребека рекоа: "Ох, не, немојте да си одите уште сега. Нека Ребека остане со нас уште десет дена. Тогаш може да одите." Но Елиезер сакаше да замина веднаш. "Ќе ја прашаме Ребека, да видиме што сака таа"- рекоа тие. "Ќе одиш ли со овој човек?"- ја прашаа.

Ребека требаше да каже што мисли. "Ќе одам"- одговори таа. Ребека во срцето знаеше дека тоа е Божјот план за неа. Затоа сакаше што поскоро да тргне и да го сретне човекот кој требаше да ѝ стане маж. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 5** *(поставете ги фигурите Р8, 9, 11, 12, камилите)*

Колку мора да беше возбудливо кога се сретнаа Исак и Ребека. Библијата ни кажува дека Елиезер му раскажа на Исак за сѐ што му се случи. Откако го слушна тоа, Исак знаеше дека Бог ја испрати Ребека само за него. Тој ја зеде во шаторот на неговата мајка и таа му стана жена. Сигурно и двајцата беа среќни за Божјето водство. Тие живееја далеку еден од друг, но Бог ги собра заедно. Нивната љубов еден кон друг растеше секој ден.

Момче и девојче кои сте христијани, Бог сака да ти го покаже Неговиот пат. Тој сака да те води. Затоа кажете му за решенијата и изборите кои треба да ги направите. Можеби во овој момент има нешто за кое можете да го запрашате. Неколку моменти ќе бидеме тивки за да можете да го направите тоа... не зборувајте гласно, туку тивко, во срцето. Запомнете го Неговото ветување: (Псалм 32:8). *(Учителе: имајте кратко време на тишина, а потоа завршете со молитва.)*

**Прашања за повторување на третата лекција:**

1. Зошто Авраам не сакаше Исак да се ожени за жена од Канаан?
*(Бидејќи Кананеите им служеа на идоли и правеа други лоши нешта.)*

2. Каде го испрати тој својот слуга за да побара жена за Исак?
*(Во земјата каде што живееја роднините на Авраам, во градот Нахор.)*

3. Зошто Елиезер се молеше кај бунарот?
*(Бидејќи му требаше Божјето водство за да ја најде вистинската жена за Исак).*

4. Како Бог ги води своите деца?
*(Преку молитва, Библијата, преку други христијани).*

5. Како знаеме дека Бог ќе ги води Своите деца?
*(Бидејќи ни го ветува тоа во Библијата (нпр. во Псалм 32:8).*

6. Како ѝ беше името на жената која Бог ја одреди за жена на Исак?
*(Ребека.)*

7. Кое важно нешто го направи Елиезер пред да отиде во домот на Ребека?
*(Му заблагодари на Бог.)*

8. Како му докажа Елиезер на семејството на Ребека дека Авраам и Исак беа големи луѓе?
*(Тој подари скапоцен накит што го донесе за Ребека и им кажа за стадата и имотот кои ги поседуваа.)*

9. Што рекоа братот и таткото на Ребека кога ја слушнаа приказната на Елиезер?
*(Ова мора да е од Господ. Земи ја Ребека и оди, нека му стане жена на синот на твојот господар).*

10. Кажете ми едно големо нешто, за кое ќе ви треба Божје водство кога ќе пораснете?
*(Избор на занимање, брак, итн.)*

**Четврта лекција**

## ПРАВОТО НА ПРВОРОДЕНИОТ И БЛАГОСЛОВОТ

**Библиски текст:** 1.Мојсеева 25:21-34; 26:34-35 (свадбата на Есав); 27:1-28:5.

**Централна вистина:** Немој да си измамник како Јаков.

**Примена:** ***за неспасени деца:*** барајте од Бог да ви го промени вашето лажливо срце.
***за спасени деца:*** бидете зависни од Божјата сила за да живеете како нова личност.

**Почеток:** Филип победува на трката - ЦВ.

**Развој на настаните:**
- Раѓањето на Есав и Јаков
- Есав е ловец, Јаков е домаќински тип.
- Есав се враќа дома гладен.
- Есав го продава своето првородство - ЦВН.
- Исак му вели на Есав да оди на лов и да му донесе месо.
- Ребека планира да го измами Исак.
- Јаков се согласува- ЦВН.
- Јаков оди кај татко му - ЦВС.
- Исак го благословува Јаков.

**Кулминација:** Есав доаѓа кај Исак и сфаќа дека е измамен.

**Заклучок:** Есав планира да го убие Јаков
Јаков си оди од дома- ЦВС/ ЦВН.

**Стих за напамет:** "Лукаво е човечкото срце, повеќе од сè и е наполно расипано; кој ќе го разбере?" (Јеремија 17:9)

**Подготовка за вклучување на учениците:**

Една седмица порано на две од постарите деца дајте им ги деталите за случката на почетокот на лекцијата и нека ја одглумат на состанокот.

### ЛЕКЦИЈА

*( Ова може да биде одглумено од две постари деца.)*

"На местото каде што работи татоимаше посебен спортски настан за децата" - рече Филип. "Беше ли добро?"- праша Тони. "Прекрасно! Јас победив во трката на деца под 12 години. Го добив и овој трофеј. Зарем не е прекрасен?" "Навистина е, браво Филип!"- му честита Тони. "Чекај малку... зарем ти не наполни 12 години пред две недели?" "Се рабира. Но таму никој не знае колку години имам. Види вака, јас победив на трката, го добив трофејот и никој не дозна дека јас имам повеќе од дванаесет години." "Не мислам дека тоа беше мудро, "- рече Тони."Ти мамиш!" "Па што, никој не ме фати!"

Дали е дозволено да се мами ако не те фатат? Зошто тоа не е добро? *(Дозволете им на децата да ви го кажат нивното мислење. Водете ги до тоа дека измамата е грев пред Бог (Псалм 5:6) и дека некој друг страда кога ние мамиме. Некој друг требаше да го добие трофејот на Филип.)*

Денес ќе зборуваме за човек кој беше измамник. Беше син на Исак и Ребека.

**Сцена 1** *(Поставете го Исак, Ребека и фигурата на шаторот, P44, P43 и P17)*




Минатата седмица доззнавме како тие стапија во брак. Тие веројатно го очекуваа денот кога ќе можат да им кажат на нивните деца како Бог ги собра заедно. Но годините минуваа, а Исак и Ребека немаа деца. Библијата ни вели дека Исак се молеше Ребека да има бебе. Дали Бог ја послуша неговата молитва? Да, Бог ја слушна и ја одговори на специјален начин. Тој им даде момчиња близнаци! Тие беа наречени Есав и Јаков. Тие се родија откако Исак и Ребека беа во брак дваесет години. Исак и Ребека сигурно беа многу радосни што ги имаат овие две момчиња. И дедото Авраам беше среќен, исто така. Тој беше сигурен дека Исак и Ребека ќе имаат барем еден син. Знаете ли зошто? *(Ако децата во класот се постари, подобро е да им помогнете сами да дојдат о одговорот, отколку вие да им го кажете.)*

Да, Бог му имаше ветено на Авраам дека неговите деца и нивните деца ќе станат голем народ. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 2** *(поставете ги Есав и Јаков, фигурите P45 и P46)*




Иако Јаков и Есав беа близнаци, тие не беа слични еден на друг. Есав, близнакот ккој се роди прв, имаше црвена коса и многу влакнесто тело кога порасна, а Јаков беше поинаков. Јаков имаше мека, нежна кожа. Тие беа рalични и во нештата кои сакаа да ги прават. Есав уживаше да биде надвор. Тој беше силен човек кој поминуваше многу време во шумите и по полето, носејќи ги со себе лакот и стрелата. Тој сакаше да лови животни и ги носеше дома за јадење на семејството. Јаков беше

поинаков. Тој не уживаше во ловот. Тој бешетивок човек кој се вртеше околу шаторите. Неговата мајка го научи да готви и тој минуваше многу време со Ребека. Освен тоа, тој сакаше да размислува... да ги разбира нештата. Јаков беше умен. Библијата ни вели дека тој ѝ беше миленик на Ребека, а Есав беше миленик на Исак. Кога се имаат вакви миленици тоа предизвикува проблеми.

Еден ден Есав го правеше она што најмногу го сакаше - ловот. Изгледа дека тој ден не успеал да улови ништо, бидејќи се врати дома многу уморен и обесхрабрен. А беше и гладен! Што мирисаше? Ох! Јаков готвеше. Тоа мирисаше толку добро. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 3** *(Поставете ги Јаков и Есав, фигурите P47, P48)*




"Јаков, дај ми од манџата која ја готвиш. Умирам од глад"- рече Есав. Јаков размислуваше. Тој виде дека Есав беше решен да јаде. Па, и тој беше решен, исто така. "Ќе ти дадам, ако ми го продадеш првородството" - се пазареше тој.

Што е тоа "првородство"? Ова беше нешто многу специјално кое обично му припаѓаше на постариот син. Кога таткото ќе умреше, синот со првородството стануваше глава на семејството и добиваше двапати повеќе од имотот на таткото, отколку другите синови. Исто така, оној кој го имаше првородството имаше и посебен благослов од Бог. Есав беше постариот од близнаците и азтоа тој го имаше првородството. Но уште пред близнаците да се родат, Бог ѝ кажа на Ребека: "Помладиот ќе е поголем од постариот." Бог имаше испланирано Јаков да го добие првородството. Но Јаков не сакаше да чека Бог да го направи тоа. Тој сакаше да се обиде да го намами Есав да му го продаде. Затоа му кажа: "Ќе ти дадам манџа, ако ми го продадеш првородството."

На Есав многу не му беше грижа за првородството, или да биде глава на семејството кое Бог вети да го благослови. "Јаков, ти кажав дека сум гладен до смрт; каква фајда имам од првородството? Се разбира, можеш да го имаш."

"Вети ми"- рече Јаков. "Заколни ми се." Есав вети. Јаков го доби првородството, а Есав доби јадење. Мудриот Јаков знаеше дека ова е почеток на нешто особено за него. Но не беше фер што го измами Есав да му го продаде за едно јадење. Тој мамеше. Можеби си мислиш: "Колку злобно дело!" Но Библијата ни вели дека, иако можеби не мамиме како Јаков, секој од нас има срце полно со измама. "Лукаво е човечкото срце, повеќе од сè и е наполно расипано; кој ќе го разбере?" (Јеремија 17:9)

Ова значи дека вистинското "ти" не е чесно, вистинито и отворено. Вистинското "ти" е лошо, погрешно и лажно. Во Божјите очи ти си "наполно расипан". Тоа значи дека си многу лош. Можеби однадвор не изгледаш така. Можеби мајка ти и татко ти, учителката, мислат дека си добро, воспитано момче или девојче. Но Бог те познава одвнатре. Тој ги знае твоите налутени мисли. Тој знае дека се сакаш себеси повеќе од сè друго. Тој знае зза оние моменти кога лажеш и крадеш. Тој знае дека не си така добар како што се правиш да си. Она што Библијата го вели за лукавоста и расипаноста е вистина за тебе, како што беше за Јаков. Ти не можеш твоето вистинско"ти" да го направиш такво да му угоди на Бог.Но Бог може да те промени и да те направи поинаква личност. Ако никогаш не си поверувал во Него, тоа ти треба повеќеод сè друго. Ако сакаш да му припаѓаш на Бог и сакаш да ти се промени животот, но не си сигурен како може да стане тоа, остани и разговарај со мене, кога останатите ќе си заминат. Дојди и седни напред (или одредете друго погодно место) и јас ќе знам дека сакате со мене да разговарате за тоа како може да ви се промени животот.

И на Јаков, исто така, му требаше Бог да го промени. Но тој не размислуваше за Бог. Ако само побараше од Бог Тој да се грижи за него, Бог сигурно ќе му овоззможеше да го добие првородството. Јаков беше луд што се обидуваше самиот да си ги среди работите. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 4** *(Поставете ги Есав и Јаков, фигурите P49 и P45)*




По некое Исак го повика Есав. "Се зажелев за месо од дивеч. Оди во полето со лакот и стрелата, убиј едно животно и подготви ми убаво месо." Исак беше стар човек и беше слеп. "Секој момент можам да умрам", рече тој, " а имам за тебе благослов." Иако Исак знаеше дека Бог кажа от постариот ќе му служи на помладиот, тој сакаше благословот кој одеше со првородството да му го даде на Есав. И тој сигурно знаеше дека Есав го продаде првородството на Јаков. *(Отстранете ги сите фигури.)*

**Сцена 5** *(Поставете ги фигурите Ребека и Јаков, P50 и P46)*

Ребека слушна како Исак разговара со својот синљубимец. Штом Есав излезе со лакот и стрелата, Ребека го повика Јаков, нејзиниот миленик. "Слушнав дека татко ти му кажа на Есав да му донесе дивеч за јадење и тогаш ќе му го даде благословот од Господ. Сега слушај и направи како што ќе ти кажам. Оди во стадото и донеси ми две кози. јас ќе го подготвам месото за твојот татко,

на начин на кој тој го сака. Ти ќе му го однесеш. Тој ќе мисли дека си Есав и ќе те благослови."




Ребека знаеше дека нејзиниот син миленик веќего имаше првенството и беше решена да го добие и благословот кој одеше со него. Но таа беше многу лажлива.

Отпрвин, Јаков не се согласи со она што му го кажамајка му. "Татко ми ќе знае дека јас не сум Есав"- рече тој. "Есав е влакнест, а мојата кожа е мазна. Татко ми ќе ме почувствува и ќе си нанесам проклетство."

"Слушај ме, Јаков" - рече Ребека. "Јас ќе го земам врз себе твоето проклетство. Оди и донеси ми ги козите."

И така, Јаков се согласи да направи како што му рече мајка му. Се разбира, тоа беше многу погрешно. И мајката и синот беа многу лажливи. Заради тоа што имаме лажливи, измамнички срца, тоа се покажува во она што го правиме.

Можеби си бил во неволја, бидејќи си дошол дома подоцна отколку што требало. Ти објасни: "Старата госпоѓа Јовановска ме запре да поразговара со мене, затоа доцнам." Тоа беше лага; ти всушност беше во паркот со пријателите. Или, еден ден, намерно го удри брат ти со стап. Но на мајка ти ѝ објасни: "Не беше намерно, случајно ми се испушти." Уште една лага. Ги правиш овие работи бидејќи вистинското "ти" е полно со лага и злоба. Само Бог може да те промени. Тој може да те направи поинаква личност, не само однадвор;Тој може да го промени вистинското "ти". Бог може да те направи личност која не е полна со лага и измама. Тој може да те направи личност која сака да го слуша Бог. Ако навистина сакаш да бидеш променет, тогаш дојди кај Исус Христос и побарај од Него да ти прости за сите лоши работи кои си ги направил.Тој може да ти прости, бидејќи умре за твоите гревови. Кога ќе дојдеш кај Исус и му поверуваш да те спаси, тогаш Тој си променет. Библијата вели: "Кој е во Христос, тој е ново создание" (2. Коринтјаните 5:17). арем не сакаш да бидеш поинава личност, наместо да си лажго или измамник како Јаков? Ако Јаков му веруваше на Бог, Бог ќе направеше така што тој ќе го добиеше благословот. немаше потреба да се обиде да го излаже татко му.

И Ребека требаше да знае подобро. Што мислите дека требаше да направи таа, кога дозна дека Исак планираше да го благослови Есав? *(Учителе;обидете се да го добиете мислењето на вашите ученици.Можете да им помогнете да дојдете до слични заклучоци како следните.)*

Прво, требаше да се моли Бог да ѝ покаже што да му каже на Исак и тој да ја послуша. Можеби можеше да му каже на Исак дека таа слушнала оти тој планира да го благослови на Есав и да го потсети на она што го кажа Бог уште пред да се родат близнаците. Можеше да му каже дека првородството сега му припаѓа на Јаков и дека тоа не може да се промени. Тогаш можеше да го праша дали ќе сака да му го даде благословот на Јаков. Никогаш не е правилно да се мами. Бог е секогаш незадоволен кога ги мамиме и лажеме другите луѓе. *(Отстранете ги сите фигури.)*

Но Ребека си ги нареди нештата на нејззин начин, а не по Божјиот. Таа го зготви местото и го подготви токму како што го сакаше Исак. Тогаш донесе од облеките на Есав и го натера Јаков да ги облече. Таа зеде од влакнестата кожа на козите и му стави на рацете и на вратот на Јаков. Тогаш Јаков ја зеде храната и му ја однесе на Исак.

**Сцена 6** *(Поставете ги Исак и Јаков, фигурите P49 и P51.)*




"Татко мој"- рече тој, "Еве ме" - одговори Исак. "Кој си ти, сине мој?" Запомнете, Исак беше слеп. "Јас сум Есав, твојот првороден син"- одговори Јаков. "Направив како што ми кажа. Те молам, седни да јадеш, а потоа благослови ме." "Како ти успеа толку брзо?"- праша Исак. Јаков брзо рамислуваше. "Бидејќи Господ, твојот Бог ми го испрати"- излажа тој. "Дојди поблиску, за да те допрам"- рече Исак, "за да знам дека си навистина Есав".

Што мислите, како се чувствуваше Јаков во овој момент? Ребека веројатно стоеше наблизу, наслушнувајќи. Како мислите дека се чувствуваше таа?Сигурно беа уплашени дека нема да им успее измамата.

Полека, Јаков се приближи до татко му. Исак ја испружи раката и го погали крзното кое беше ставено на рацете и на вратот на Јаков. "Гласот е на Јаков", рече тој, "но рацете се рацете на Есав. дали си ти навистина мојот син Есав?" Исак молеше да ја слушне вистината.

Јаков повторно излажа. "Јас сум"- рече тој. "Тогаш, донеси ми го јадењето за да јадам." - му рече Исак. Подоцна, Исак пак побара од Јаков тој да дојде поблиску до него. Јаков го бакна својот татко и ога го направи тоа Исак ги помириса облеките на Есав кои ги носеше Јаков. Тие мирисаа како полето, во кое Есав го минуваше времето. Тоа уште повеќе го увери Исак дека навистина зборува со Есав. Така Исак го благослови Јаков:

"Нека Бог ти даде многу богатства. Ќе господариш над твојот брат. Тие кои те благословуваат ќе бидат

благословени". Овие се некои од нештата кои Исак му ги кажа на Јаков.

Јаков побегна од татко му. Трикот успеа! Но и кога не ве фатат, секогаш е погрешно да се лаже, да се мами или да се излаже другиот.

Кога момчињата и девојчињата христијани ги прават овие лоши работи, тоа всушност го срами Господ Исус. Ако го љубите Господ Исус, запомнете дека сте променета личност. Бог Светиот Дух живее во вас да ви помогне да бидете чесни и да ги вршите правилните нешта. Бидете зависни од Неговата помош, кога сакате да ги прекршите правилата за да победите во игра. Кога знаете дека ќе добиете поголема оцена на училиште ако препишувате, барајте од Бог да ви покаже што е право и не препишувајте. Бог секогаш ќе ви помогне. Тој ќе ви помогне да бидете чесни и да платите карта во автобус, иако вашите пријатели тоа не го прават никогаш и никој не ги фатил. Овие се начини на кои можете да покажете дека сте христијани и дека Бог ве променил. Момче или девојче- христијани не треба да мамат како што направи Јаков. (отстранете го Јаков, P51; поставете го Есав, P52.) Јаков одвај и да си замина, а Есав пристигна.

"Стани, татко" - рече Есав. "Еве го твоето јадење. јади и благослови ме." Исак не можеше да им поверува на ушите! "Кој си ТИ?"- праша тој.

"Како кој, па јас сум твојот првороден син, Есав." Есав мора да помисли дека нешто му се случило на татко му. Зошто Исак не знаеше кој е тој? Тогаш Есав виде дека татко му почна да се тресе... по целото тело, како да се имаше случено нешто страшно.

"Кој?"- извика Исак. "Каде е оној кој ми донесе месо за да јадам? Јас јадов пред да дојдеш ти и го благословив. Да, тој ќе биде благословен."

И таткото и синот знаеја дека Исак беше излажан. Иако Есав се погоди и го продаде своето првородство, сега не само што беше разочаран, туку и лут.

"Брат ми ме измами двапати"- рече тој. "Прво ми го зеде првородството. Сега ми го украде благословот." Есав го молеше Исак да го благослови, но тој не можеше да му го даде важниот благослов кој му го даде на Јаков *(отстранете ги сите фигури)*.

Библијата вели: "Есав го мразеше Јаков заради благословот со кој татко му го благослови" (1. Мојсеева 27:41). "Татко ми набргу ќе умре"- си рече во себе Есав. "Тогаш јас ќе го убијам Јаков."

**Сцена 7** *(Поставете ги фигурите P50 и P46, Ребека и Јаков)*

Ребека знаеше што планира Есав. Затоа го повика Јаков: "Есав планира да те убие"- рече таа. "Мора за некое време да си отидеш од дома. Оди кај брат ми во Харан. Остани таму додека не му помине лутината на брат ти. Тогаш јас ќе те повикам за да се вратиш дома."




Ребека не му ја кажа на нејзиниот маж вистинската причина зошто го испраќа Јаков од дома.. "Не сакам да се ожени со некоја девојка од овде" - рече таа. Есав веќе го имаше направено тоа и неговите родители беа многу натажени заради тоа. Така Јаков се согласи да го испрати Јаков во Харан. Откако Јаков замина, таа веќе никогаш не го виде нејзиниот син љубимец. *(Отстранете ги сите фигури.)*

Колкави проблеми донесе нивното мамење! Измамата секогаш го лути Бог, а во исто време ги натажува и повредува другите луѓе. Можеби си христијанин и Господ Исус е твој Спасител; а сепак понекогаш се чувствуваш како да сакаш да излажеш или да измамиш. Ова е поради тоа што, иако Бог те направил ново создание, твоето старо грешно "јас" е сè уште таму. Старото лошо "ти" сака да мами и лаже . Новото "ти" кое го направил Бог, сака да го прави тоа што е правилно. Запомни, Бог Светиот Дух живее во тебе. Не треба да го слушаш старото "ти". Биди зависен од Светиот Дух за да ти помогне да бидеш чесен и да ја кажуваш вистината, таков каков што Тој сака да бидеш.

Но некои од вас никогаш не биле променети од Бог. Можеби знаеш дека вистинското "ти" е лошо и не е по волјата Божја. Побарај од Бог да те промени уште денес. Можеби ќе речеш: "Но ти не знаеш колку бев јас лош." Бог знае, а сепак сака да дојдеш кај Исус Христос за да ти прости. Тогаш ќе станеш нова личност и Бог ќе ти помогне да не си веќе полн со измама и да правиш лоши работи. Тој ќе ти помогне да живееш за Него.

**Прашања за повторување за четвртата лекција:**

1. Како се викаа децата на Исак и Ребека?
*(Есав и Јаков.)*

2. Кои беа разликите помеѓу Есав и Јаков?
*(Есав беше влакнест, а Јаков имаше мазна кожа; Есав сакаше да биде на отворено и да поминува време ловејќи со лак и стрела; Јаков сакаше да биде во шаторот, да се занимава со готвење; Есав делуваше без да размислува, Јаков беше мислител, кој однапред планираше.)*

3. Што значи првородство?
*(Нешто многу посебно. Кога ќе умреше таткото, синот со првородството стануваше глава на семејството и добиваше два пати повеќе од сопственоста на таткото, отколку другите синови. Исто така, добиваше посебен благослов од Бог.)*

4. Како Бог те опишува тебе, твоето срце?
*(Полно со измама и многу зло.)*

5. Како Јаков го доби првородството?
*(Го измами Есав, со тоа што го откупи од него за малку храна, кога Есав беше многу гладен.)*

6. Зошто Јаков и онака ќе го добиеше благословот, без да мора да мами?
*(Бидејќи Бог го вети тоа уште пред да се роди Јаков.)*

7. Како Ребека и Јаков го уверија Исак дека навистина му го дава благословот на Есав?
*(Со ставање на козја кожа на рацете и вратот; со облекување на облека која му припаѓаше на Есав; со тоа што Јаков кажа дека е Есав.)*

8. Како можат христијаните да живее чесно и да не мамат?
*(Затоа што се нови личности, Бог Светиот Дух живее во нив и им помага да се чесни и да ја зборуваат вистината.)*

9. Што реши да направи Есав, кога увиде дека е измамен?
*(Намисли да го убие брат му по смртта на татко му.)*

10. Кој библиски стих ни зборува дека нашите срца се полни со измама?
*(Јеремија 17:9)*

**Петта лекција**

## ЈАКОВ СИ ОДИ ОД ДОМА

**Библиски текст:** 1. Мојс. 28:10-29;3 0; 31:2-7, 11,13-18; 32: 6-23; 33:1-4; 35:1-15,27.(Оваа лекција покрива голем дел од Писмото. Не се обидувајте да ги вклучите сите детали. Текстот на лекцијата ги покрива главните настани. Испуштено е раѓањето на синовите, бидејќи следната серија, која се однесува на животот на Јосиф го вклучува ова.)

**Централна вистина:** Бог ги менува животите на Неговите чеда.

**Примена:** ***за неспасени деца:*** прими го Исус Христос како твој Спасител и тогаш ќе искусиш како Бог го менува твојот живот.
***за спасените деца:*** радосно прифати ги промените кои Бог ги прави во твојот живот.

**Почеток:** Јаков вели: "Догледање".

**Равој на настаните:**
- Јаков спие и има камен наместо перница.
- Тој сонува.
- Бог му проговори ЦВН.
- Јаков направи споменик.
- Јаков вели: "Господ ќе биде мој Бог!"- ЦВН.
- Јаков се среќава со Рахела на бунарот.
- Јаков работи 7 години за Рахела.
- Лабан го мами Јаков и му ја дава Леа -ЦВС.
- Јаков се жени со Рахела.
- Јаков продолжува да работи за Лабан - ЦВС.
- Јаков решава да си оди - ЦВС.
- Јаков си оди.
- Јаков слуша дека Есав доаѓа.
- Јаков се моли- ЦВС.
- Јаков го испраќа своето семејство преку реката.

**Кулминација:** Јаков се бори со Бог - ЦВС.

**Заклучок:** Јаков се среќава со Есав и тие заедно плачат - ЦВН/ЦВС.

**Стих за напамет:** "Оној, кој го започна во вас доброто дело, ќе го извршува дури до денот на Исуса Христа" (Филипјаните 1:6б).

**Подготовка за вклучување на учениците:**

Направете копии на крстозборот даден на крајот на лекцијата. Дајте му копија на секое дете.Можат да го изработат на крајот на лекцијата и тогаш можете да ги продискутирате одговорите. Ако немата време, нека тоа го направат дома.



**ЛЕКЦИЈА**

**Сцена 1** *(Поставете го Јаков, фигурата P-53)*




Јаков кажа "догледање" и си замина од дома. Тоа беше тажен ден. Тој го измами својот стар, слеп татко. Тој толку го разбесни својот брат близнак што овој беше решен да го убие. Можеби си размислуваше: "Дали некогаш повторно ќе ги видам мајка ми и татко ми?" Пред него имаше долг пат; до местото кадешто живееше неговиот вујко имаше 700 км. Тој веројатно јаваше на камила, или пак пешачеше, така што патувањето ќе траеше многу долго. Сè до овој момент, изгледа дека Јаков многу малку размислуваше за Бог. Во Библијата не наоѓаме ништо кое ќе ни потврди дека тој верувал во Бог, или дека му бил послушен. Навистина, сè што направи покажуваше дека не го љуби Бог. *(Отстранете ја фигурата).*

**Сцена 2** *(поставете ја фигурата P-54)*




Една ноќ, не многу долго откако замина од дома, Јаков немаше место каде да спие, освен под ведро небо. За перница си зеде еден камен. Колку тврда перница! Но Јаков беше уморен и набргу заспа. Додека спиеше, почна да сонува. (додадете ги скалите со ангелите P-55 а и б). Сонот беше прекрасен. Една скала, како големи скалила се издигаше од небото кон земјата. Ангелите слегуваа по скалите од небото на земјата и пак се качуваа нагоре. Но најпрекрасно беше што Бог седеше на врвот на скалите и му проговори на Јаков.

"Јас сум Господ Бог на Авраам и Бог на Исак." А сега... Бог му зборуваше нему... на Јаков! Тој внимателно слушаше. "Земјата на која лежиш... ќе ти ја дадам тебе и на твоето семејство, на твоите деца и внуци, на правнуците, на сите твои потомци.. Твоето семејство ќе биде бројно како правот земен." *(Кога Бог зборуваше со Авраам и Исак, Неговите зборови беа дека нивното семејство ќе е бројно како ѕвездите на небото. И "ѕвездите" и "правот" значи "милиони".)* Ова беше истото ветување кое Бог му го даде на Авраам. Бог

имаше уште едно ветување за Јаков. "Јас сум со тебе и ќе те чувам каде и да си. Јас ќе те вратам во ова земја. Јас нема да те напуштам додека не го направам тоа." Какво прекрасно ветување! Дали Јаков заслужи Бог да го направи сето ова за него? Не! Зошто тогаш Бог ги даде овие ветувања? Бидејќи Тој го љубеше Јаков, иако тој воопшто не ја заслужуваше Божјата љубов.

Никој од нас не заслужува да биде сакан од Бог! Сите сме непослушни кон Него. Секој од нас сака да оди по својот пат, наместо по Неговиот. Сепак, Бог ги сака грешните, како тебе и мене. Тој го испрати својот единствен Син, Исус Христос, на овој свет. Исус Христос живееше совршен живот кој беше по волјата на Неговиот Татко. Но Тој беше закован на крст и умре како да беше грешен. Бог го казни својот сакан Син за нашите гревови и на тој начин овозможи да им се прости на грешниците и тие да може да му припаднат нему. Ако си поверувал во Исус Христос како во Оној кој умрел за твојот грев, тогаш ти ќе му припаѓаш на Бог. Бог ќе почне да те прави таква личност каква што сака да бидеш. Прекрасно е што Бог ги љуби луѓето кои воопшто не ја заслужуваат Неговата љубов, луѓе како тебе, мене, како Јаков. *(Отстранете ги сите фигури).*

Кога Јаков се разбуди, беше зачуден од сонот. Беше уплашен. Чувството дека беше толку блиску до Бог го исполни со страв. Тој знаеше каков човек е тој и сега сфати дека Бог знаеше сè за него. Тоа мора да го исполни со страв. "Сигурно Бог е на ова место, а јас не го знаев тоа!"- извика тој. "Ова е домот Божји, ова е вратата на небото."

**Сцена 3** *(поставете го Јаков и споменикот, фигурите Р-53 и Р-56)*




Рано следното утро Јаков го зеде каменот кој го употреби како перница, го постави како споменик и врз него излеа масло. Ова требаше да го означи местото на кое му се случи нешто многу важно.

"Ова место ќе се нарече Бетел"- рече тој. Бетел значи "домот Божји". Ова беше местото каде што Јаков се сретна со Бог. И тука тој даде едно ветување: "Ако Бог биде со мене, ми даде храна и облека и пак ме врати наад во мојот дом, тогаш Господ ќе биде мој Бог."

Пред ова, Јаков воопшто не живееше за Бог. Но сега рече: "Господ ќе биде мој Бог." Ова беше почетокот на животот на Јаков со Бог. Зарем не сакаш да му припаѓаш на Бог, да бидеш Негов? И ти денес можеш со увереност да кажеш, ако навистина го мислиш тоа: Господ ќе биде мој Бог."Мора да побараш од Господ Исус да ти прости за тоа што си бил лош. Мора да веруваш дека Тој беше казнет за твојот грев. Тогаш ќе му припаднеш на Бог. Библијата вели: "А на сите што го примија, им даде власт *(или, право)* да станат синови Божји, на сите што веруваат во неговото Име" (Јован 1:12). Откако си го примил Христос, Бог ќе почне да те менува. Нема да се случи одеднаш. Полека, но сигурно ќе почнеш да размислуваш и да правиш онака како што Бог сака. Ќе видиме како Бог го промени Јаков. Откако Бог му проговори кај Бетел, Јаков веќе не беше истиот.

**Сцена 4** *(Поставете го бунарот Р-42, овците, Р-10; пастирите, Р-5; Јакков, Р-46; Рахела, Р-57; овците на Рахела, Р-58)*




Можеби две седмици подоцна Јаков пристигна во областа Харан. Тој во полето воде бунар и некои пастири близу до него. Тој им се приближи и почна да зборува со нив. "Од каде сте?" "Од Харан"- му одговорија тие. "Го познавате ли Лабан"- сакаше да дознае Јаков. Лабан му беше вујко, брат на неговата мајка. "Го знаеме." "Дали е добро?"- пак праша Јаков. "Добро е. Слушај, еве доаѓа неговата ќерка Рахела заедно со овците."

Кога Рахела дојде до бунарот, Јаков се претстави. "Јас сум син на Ребека"- рече тој. Рахела беше возбудена и истрча дома да му каже на татко ѝ. *(Отстранете ја Рахела).*

Кога Лабан слуушна за тоа, истрча во полето за да се сретне со Јаков *(поставете ја фигурата Р-59, Лабан).* Тој го зеде Јаков кај него дома *(отстранете ги сите фигури).*

Таа вечер беа поставени и одговорени многу прашања. Јаков се чувствуваше дома во семејството на Лабан. Тој имаше неколку сина и две ќерки, Леа и Рахела (1. Мојс. 31:1). Библијата ни кажува дека Рахела била прекрасна.

И Јаков се заљуби во неа! Тој знаеше дека сака да се омажи за неа, нно веројатно мислеше дека треба да почека со тоа.

**Сцена 5** *(Поставете ги Јаков и Лабан, фигурите Р-46, Р-59; Леа, Р-60 и Рахела, Р-57.)*

Откако Јаков беше со својот вујко еден месец, Лабан рече: "Ако си ми роднина, тоа не значи дека треба да работиш за мене без да ти платам. Што сакаш да ти дадам за плата?"

Јаков не требаше дури ни да размисли: "Ќе ти работам седум години за Рахела"- бргу одговори тој.




Изгледаше дека Лабан е задоволен. "Подобро е тебе да ти ја дадам за жена отколку на некој друг"- рече тој. "Остани и работи за мене." *(Отстранете ги Леа и Лабан, фигурите Р-60 и Р-59).*

Јаков цело време размислуваше за Рахела. Седум години не изгледаа долго време за да се чека за неа. Тој ја сакаше толку многу! Кога помина времето, Јаков му рече на Лабан: "Дај ми ја сега Рахела. Моите седум години завршија."

И така Лабан испланира прослава и ги покани своите пријатели. Вечерта му ја доведе невестата на Јаков. Таа на главата носеше вел како што беше обичај кај невестите во таа земја. Таа му стана жена на Јаков. Јаков беше шокиран кога виде дека неговата невеста не е прекрасната Рахела, туку нејзината сестра Леа! *(Отстранете ја Рахела, поставете ги Лабан и Леа, фигурите Р-59 и Р-60).*

Лабан го измами Јаков. Колку лоша измама! Зошто Бог дозволи да му се случи ова на Јаков? *(Доволете им на децата да одговорат).* Сигурно за тоа да му помогне на Јаков да увиди колку е лошо и колку боли кога се мами. Никој не беше поголм измамник од Јаков и Бог сакаше да го научи една лекција за да го одврати од мамењето. Понекогаш Бог дозволува Неговите деца да страдаат на овој начин, бидејќи сака да им покаже колку е некој грев погрешен.

Една девојка, христијанка, Јана, беше многу добра пејачка. Таа се фалеше со тоа колку добро пее и на колку натпревари победила. Таа заборави дека Бог беше Тој кој ѝ го даде убавиот глас; таа требаше да му благодари за него, а не да се фали со него. Јана требаше да се натпреварува на фестивал. "Знам дека ќе победам"- самоуверено им се фалеше на пријателите. Вечерта, на натпреварот, излезе на бината и ѝ се случи нешто кое никогаш не ѝ се имаше случено: таа заборави неои од зборовите. Се разбира дека не победи. Кога се врати дома, плачеше од разочарување. Мајка ѝ тивко ѝ рече: "Јана, можеби Бог дозволи да ти се случи ова за да ти покаже дека не треба да се фалиш со твоето пеење." Јана го запомни тоа. Многу мудро, таа побара од Бог да ѝ помогне да ја научи оваа лекција и да престане да се фали. Ако го љубиш Господ Исус, многу е важно и за тебе да ги научиш лекциите кои Бог те поучува. Немој да се бориш против Него, туку дозволи му да те промени. Дали Јаков ќе се промени од своето мамење? Тој беше лут.

"Што ми направи?" - го праша тој Лабан. "Ти работев седум години за Рахела. Зошто ме измами?"

"Во нашата земја, помладата ќерка никогаш не се мажи пред постарата"- му одговори Лабан. "Можеш да се ожениш и со Рахела, ако работиш за мене уште седум години." Јаков се согласи да работи уште седум години. *(Отстранете го Лабан, поставете ја Рахела, фигурата Р-57).*

По кратко време Јаков се ожени со Рахела и продолжи да работи за Лабан. Можеби си мислиш: "Две жени... дали е тоа правилно?" Не, Бог никогаш немал намера човекот да има две жени. Заради двете жени, Јаков имаше проблеми дома. *(Поставете го Лабан, Р-59).*

Еден ден, многу години подоцна, Јаков му кажа на Лабан: "Сакам да се вратам дома. Дај ми ги жените и децата. Ти знаеш колку долго и колку добро работев за тебе."

Лабан го молеше да остане. "Ќе ти дадам каква и да побараш плата"- рече тој. Јаков се согласи и кажа што сака. Овој пат се согласија Јаков да добие дел од стадата на Лабан. Како минува годините, Јаков стана богат човек со многу овци, кози, магариња и камили.

Јаков беше со Лабан околу дваесет години. За тоа време Лабан неколку пати го излажа. Полека, но сигурно, Бог го поучуваше Јаков лекции за тоа како е да бидеш излажан. Ако си вистински христијанин, Бог и тебе ќе те поучи некои лекции. Тој ќе те промени. Како што минуваат деновите и месеците, Тој ќе ти помогне да го разбереш повеќе и да си му сѐ попослушен. Тој сака драговолно да ги прифатиш неговите поуки, а да стануваш посличен на Господ Исус. Бог беше подготвен да употреби години за да го промени Јаков. Тој е ист и кон тебе. Тој е многу, многу стрплив со своите деца. Кога ќе згрешиш против Него, тој не вели: "Доста ми е од тебе". Тој беше многу стрплив со Јаков цели дваесет години *(отстранете го Лабан).*

Тој пак му проговори на Јаков: "Врати се во својата земја и јас ќе бидам со тебе."

Тогаш Јаков поразговара со Леа и Рахела. "Вашиот татко веќе не е љубезен кон мене. Но Бог беше со мене." Тогаш тој им објасни дека Бог му кажа да си замине и да земе со себе сѐ што е негово. Рахела и Леа веднаш се согласија да отидат со него. Јаков сѐ уште беше далеку од она што Бог сакаше да биде, но може да видиме дека во неговиот живот имаше промени. Го слушаше Бог, му беше послушен и на другите им кажуваше како Бог го води. Момчиња и девојчиња кои сте христијани, дали гледате промени во вашиот живот? Можеби самите забележувате дека не сте толку избуливи како порано. Или, можеби собата секогаш ви била неуредна, но Бог ви помага да ја одржувате во ред. Или можеби никогаш не се молевте, а сега го правите тоа. Да, ги гледате промените кои Бог ги прави во вас.. *(Отстранете ги сите фигури).*

**Сцена 6** *(поставете ги камилите, Р-9; Р-12; колите, Р-7; овците Р-10)*

Кога Јаков реши да си замине откај вујко му, тоа беше голема, многу голема група. Имаше камили кои ги носеа жените и децата на Јаков; други животни, стотици од нив, коли натоварени со разни нешта, многу слуги. Беше

невозможно да се замине тајно. Јаков реши да замине кога Лабан не беше дома.




Можете ли да си претпоставите што мислеше Јаков кога замина? Да, сигуурен сум дека мислеше на Есав. Дали неговиот брат му беше сè уште лут? Што ќе каже и што ќе направи Есав кога ќе се врати Јаков?Јаков беше загрижен и уплашен, затоа пред себе испрати гласници кои ќе извидат што се случува.

Тие се вратија со страшен извештај. "Есав доаѓа со четиристотини луѓе!" *(Отстранете ги сите фигури).*

Што можеше да направи Јаков? Да се врати ли во Харан? Дали да се подготви за борба? Дали да се обиде пак да го измами својот брат? Бог го промени Јаков и во овој момент тој го направи најпаметното нешто: се помоли.

**Сцена 7** *(поставете го Јаков како се моли, P-15)*




О, Боже на моите татковци, Авраам и Исак; Господи кој ми кажа: 'врати се во својата земја кај твоето семејство и Јас ќе бидам со тебе'. Јас не ја заслужувам Твојата добрина и верност кон мене. Кога си отидов од дома немав со мене ништо освен стап за одење. Сега имам две малечки војски. Те молам да ме спасиш од мојот брат Есав. Јас се плашам за себеси, за жените и за децата". Тогаш Јаков го потсети Бог на ветувањето кое тој го даде: "Ти вети дека моето семејство ќе стане големо како морскиот песок, да не може да се изброи." Јаков знаеше дека ако Бог му дозволи на Есав да го уништи него и неговото семејство, ова ветување не може да се исполни: Затоа се ослони на Бог за Тој да го ззаштити. Јаков научи како да се моли и да му верува на Бог. Овие се лекции кои Бог сака да ги научи секое Негово дете. Кога поверува во Исус Христос како во твој Спасител, можеби не знаеше многу за молитвата. Но колку што учеше за Бог, почна да разговараш со Него. Преку учењето на она што е во Библијата и со помош на Светиот Дух кој живее во тебе, ти научуваш повеќе за тоа како да се молиш. Можеби никогаш до сега не си се молел гласно. Следната недела ќе сакаме да имаме време за молитва кога ќе имаш можност да му благодариш на Бог за нешто што направил за тебе. Зошто не дојдеш подготвен да се молиш гласно и да му благодариш на Бог за нешто што Тој го направил за тебе! *(На крајот на состанокот повторно потсетете ги децата следниот состанок да дојдат подготвени за да му благодарат на Бог за нешто што направил за нив.)*

Многу е убаво да се чуе Јаков како се моли, нели? *(Отстранете го Јаков).*

Тогаш Јаков испрати дел од стоката кај Есав со една порака: "Овие се подарок од твојот слуга Јаков."

Вечерта Јаков ги испрати своите животни, жените и децата преку блиската река. Но самиот тој остана на брегот. *(Поставете го Јаков, P-46).* Таа ноќ се случи нешто многу чудно. Дојде еден човек и се бореше со Јаков. И не само тоа, туку човекот му го исчаши колкот на Јаков и го направи да криви. Ова не беше обичен човек, беше небесен посетител. Јаков се бореше со Бог. Бог му проговори: Отсега името нема да ти биде Јаков- што значи "сплеткар", туку "Израел", што значи: "Принц Божји".

Ново име, нова личност! Кој можеше да помисли дека Јаков ќе стане нешто друго освен измамник? Но Бог не се откажа од него. Тој го направи Јаков поинаква и подобра личност. Требаше да помине време, но Бог е стрплив. Кога ќе згрешиш, кога ќе го изневериш Бог, Тој не престанува да работи во тебе. Библијата вели: "Оној, кој го започна во вас доброто дело, ќе го извршува дури до денот на Исуса Христа" (Филипјаните 1:6б). Тој ќе те направи посличен на Господ Исус, дури и ако треба долго време за да те промени, исто како што направи со Јаков.

Јаков никогаш нема да ја заборави таа ноќ! Следниот ден сè уште кривеше кога отиде да се сретне со брат му. Тој го распореди своето семејство на најсигурниот можен начин. Тогаш самиот тој тргна напред. Есав се приближи. Што ќе се случи? Дали Есав ќе го убие својот брат? Дали Јаков ќе се обиде пак да го измами Есав? Сè што направи Јаков беше да му се поклони. Есав притрча да го пресретне; го прегрна Јаков и го бакна. Браќата заедно плачеа. Бог среди сè за Јаков!

Јаков беше многу подобар човек отколку пред дваесет години кога си отиде од дома. Тој не заслужуваше ништо добро од Бог, но Бог го љубеше Јаков и Тој го промени за многу нешта. Ако не си поверувал во Господ Исус Христос како во твој Спасител, тогаш не знаеш што значи да бидеш променет од Бог. Но ако поверуваш во Него денес, ако бараш Исус Христос да ти прости и да стане твој Спасител, тогаш Бог ќе почне да го менува твојот живот.

Ако веќе си дете Божје, благодари му за она што Тој го прави во твојот живот. Биди подготвен да ги научиш лекциите кои Бог те поучува и така да станеш посличен на Господ Исус. Кога Бог ќе те земе на Небото ќе бидеш совршен. како што вели Библијата:"Оној, кој го започна во вас доброто дело, ќе го извршува дури до денот на Исуса Христа" (Филипјаните 1:6б). Еден ден ќе бидеш како Исус. Зарем тоа не е нешто кое вреди да се очекува?

**Прашања за повторување за петтата лекција:**

Доврште ги речениците:

1. Додека Јаков спиеше надвор под ведро небо, една ноќ сони сон и виде...
*(Скали и ангели како се качуваат и слегуваат).*

2. Ти стануваш дете Божје кога...
(Кога ќе го примиш Исус Христос како твој Спасител.)

3. Кога Јаков пристигна кај бунарот близу до Харан, тој праша некои овчари за Лабан и ја сретна...
*(Рахела.)*

4. "Каква плата сакаш за тоа што ќе работиш за мене?" Го праша Лабан на Јаков кога овој беше со него еден месец. Јаков одговори...
*(Ќе работам седум години за Рахела).*

5. Кога поминаа седумте години, направија свадба и Лабан на Јаков му ја даде...
*(Леа.)*

6. Бог работи во Своите деца за да ги направи како...
*(Господ Исус Христос).*

7. Бог не се откажува од своите деца бидејќи Тој е ...
*(Трпелив).*

8. Кога Јаков тргна накај дома со с емејството и целиот имот, откако беше отиден дваесет години, тој беше загрижен за...
*(Средбата со Есав.)*

9. Кога слушна дека Есав му тргнал во пресрет со 400 луѓе тој...
*(Се помоли,)*

10. Кога се видоа двајцата браќа, Есав...
*(Притрча да го пресретне, го прегрна и го бакна.)*

11. Јаков доби ново име. Бог рече: "Ќе бидеш наречен..."
*(Израел.)*

12. Христијаните ќе бидат совршени кога...
*(Ќе бидат на небото.)*

**Како да се советува дете кое сака да дојде кај Христос**

*(Имајте го во вашата Библија)*

**Бог**

Кој е Бог

Бог нè создал. Тој ни зборува преку Библијата.

Бог е свет и чист. Тој нè љуби.

**Грев**

Што е грев?

Грев е непослушност кон Божјите заповеди. Тој е против Бог.

Зборувајте за конкретни гревови.

Детето е грешник.

Гревот заслужува казна.

**Спасителот**

Кој е единствениот кој може да ти го одземе гревот?

Зошто Тој може да го одземе твојот грев?

Бог Син умре на крстот за грешните.

Господ Исус пак воскресна од мртвите. Тој е Господ над сè.

**Објаснете како да се спаси:**

Објаснете што сака Бог да направиме ние, а што ќе направи Тој.

Употребете стих од Библијата (Јован 1:12; 3:16; 6:37; Дела 16:31; Римјаните 6:23 или 10:13).

Што сака Господ да направиш ти?

Што ќе направи Господ?

**Предупредете на тешкотиите**

Прашајте: "Дали сакаш да го примиш Христос, или ќе сакаш да почекаш?"

Охрабрете го детето да се моли гласно (ако е подготвено).

**Зборувајте за сигурноста на спасението**

Вратете се на користениот Библиски стих.

Зборувајте за променетиот живот.

Кажете му што може сигурно да знае секој кој поверувал во Христос.

Дајте (подоцна) неколку совети за христијанскиот живот

Читај ја и биди ѝ послушен на Библијата.

Зборувај со Бог, нашиот Небесен Татко.

Кажи им на другите што направи за тебе Господ.

Барај од Бог да ти прости кога грешиш.

Состанувај се со други христијани.

Запомни дека Господ ветува: "Нема никогаш да те напуштам."